МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ – БИТОЛА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ

СТУДИСКА ПРОГРАМА:

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

СЕМЕЈСТВОТО И ОБРАЗОВАНИЕТО КАКО РИЗИК ФАКТОР ЗА ПОЈАВА НА ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО

СТУДЕНТ: ЗЛАТАН РУЖДИК
БРОЈ НА ИНДЕКС: М187017
МЕНТОР: ДОЦ. Д-Р МАРЈАН КИЦЕВ

Свети Николе, 2020

Изјава од кандидат:

Список на табели

Т1: Табела за дефинирање на возраста за кривична одговорност 31

Т2-2018 година: Пријавени деца во судир со законот според групите на кривичните дела и видот на одлуката 82

Т3-2018 година: Осудени деца во судир со законот според групите на кривичните дела и изречените кривични санкции 85

Т4-2018 година: Осудени деца во судир со законот според кривичното дело и изречените кривични санкции 87

Т5-2019 година: Пријавени деца во судир со законот според групите на кривичните дела и видот на одлуката 89

Т6-2019 година: Осудени деца во судир со законот според групите на кривичните дела и изречените кривични санкции 92

Т7-2019 година: Осудени деца во судир со законот според кривичното дело и изречените кривични санкции 93

Т8: Пријавени и осудени деца 95

Апстракт

Младите кои во детството пројавуваат деликвентно однесување живеат во комплексен и збунувачки свет. Денес тоа претставува значаен проблем за секое општество, бидејќи не постои држава каде што нема некоја форма на криминално однесување од страна на малолетниците.

Акцентот во магистерскиот труд ќе биде ставен на семејството и образованието, кои се сметаат за ризик фактори кои придонесуваат за појава на детското престапништво. Семејството е претставено преку односот родител – дете, нивната грижа еден за друг, поддршка и помагање, додека образованието како фактор се согледува низ разните форми и етапи на образование на детето, преку училиштата, играта и дружбата вон училиште, вклучување во спортски и рекреативни активности и дружба со врсниците.

Ќе бидат разгледани статистичките податоци за пријавени, обвинети и осудени малолетни лица во период од неколку години, со цел да се види како се движи бројката на малолетнички криминалитет во Република Северна Македонија.

Клучни зборови: детско престапништво, малолетници, семејство, образование, фактори.

Abstract

In a complex and confusing world are young people who show delinquent behavior in childhood. Today it is a significant problem for every society, because there is no country where there is no form of criminal behavior by minors.

Emphasis will be placed on the family and education as factors that are considered as risk factors in contributing to the emergence of juvenile delinquency. The family is represented through the parent-child relationship, their care for each other, support and assistance, while education as a factor is seen through the various forms and stages of the child's education through schools, playing and socializing outside of school, attending sports and recreational activities and friendship with peers.

Statistical data on reported, charged and convicted juveniles over a period of several years will be reviewed in order to see how the juvenile delinquency rate in the Republic of Northern Macedonia is moving.

Keywords: Juvenile delinquency, juveniles, family, education, factors.

СОДРЖИНА

Вовед.....9

Предмет на истражување 13

Цел на истражувањето 14

Хипотези на истражувањето 15

Очекувани резултати 16

Задачи на истражувањето 17

Методи на истражувањето 18

I глава.....19

1.Детско престапништво 20

1.1.Поим на детско престапништво 20

1.2.Поимот дете 24

1.3. Адолесценција 30

1.4.Теории на детско престапништво 35

1.4.1.Социолошки теории 36

1.4.1.1. Теорија на анатомија 37

1.4.1.2. Теорија на културна девијација 38

1.4.1.3. Теорија на диференцијална асоцијација 38

1.4.1.4. Теорија на општествена контрола 39

1.4.1.5. Етикетирање и секундарна девијација 39

1.4.2. Биолошки теории 40

1.4.2.1. Ломброзова теорија 41

1.4.2.2. Теорија на Ханс Ајзенк 41

1.4.3.Психолошки теории 42

1.4.3.1. Психоаналитичка теорија 43

1.4.3.2.Когнитивна теорија 43

1.4.3.3. Теорија на општествено учење 44

Глава II 45

2.Фактори за појава на детско престапништво 46

2.1.Семејството како фактор 49

2.1.1.Поим на семејство 50

2.1.2.Функции на семејството 52

2.1.3.Историја на родителство 54

2.1.4.Стил на родителство 56

2.1.5. Фактори кои влијаат на односот родителство - деликвенција во едно семејство..57

2.1.5.1. Одбивање на родителите 57

2.1.5.2. Следење, надзор и откривање 58

2.1.5.3. Психолошка контрола 59

2.1.5.4. Квалитет на врската родител - дете 59

2.1.5.5. Стрес од родителите 60

2.1.5.6. Антисоцијално однесување на родителите 61

2.1.5.7. Семејна структура 62

2.1.5.8.Заедница 62

2.1.5.9.Теории 63

2.1.5.9.1.Теорија на приврзаност 63

2.1.5.9.2.Контролни теории 64

2.1.5.9.3.Теории за социјално учење 65

2.1.5.10.Заклучни согледувања за семејството како фактор 66

2.2.Образованието како фактор 68

2.2.1.Влијанија на индивидуално ниво 71

2.2.2.Влијанија на ниво на училницата 72

2.2.3.Училишна клима 72

2.2.4.Рутински активности 73

2.2.5. Влијанија во заедницата 74

2.2.6. Влијание на врсниците 76

2.2.7.Заклучни согледувања за образованието како фактор 77

2.3. Ендогени фактори 78

III глава 81

3.Статистика за детско престапништво 82

ЗАКЛУЧОК 97

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 102

КОНСУЛТИРАНА ЛИТЕРАТУРА 105

ВОВЕД

„Младите никогаш не треба да се гледаат како товар на било кое општество, туку како негово највредно богатство.“

Денес многу од младите во светот добро напредуваат, растејќи во кохезивни, грижливи друштва и семејства, кои ги подготвуваат за одговорно и продуктивно постоење. Денешната младина е подобро образована од кога било порано, со невидено ниво на знаење за светот околу нив, кое им е достапно да го изучуваат од мали години. Тие, исто така, се веројатно најздравата група на луѓе што некогаш живееле на земјата. Младите стојат на прагот на ветувачка иднина, подготвени за лидерство на семејно, економско и општествено ниво.

Покрај овие достигнувања и оптимистички надежи од една страна, постои паралелна реалност, од друга страна, која е далеку помалку пријатна и убава, но сè повеќе е распространета, каде многу млади луѓе продолжуваат да страдаат од сиромаштија, невработеност, дискриминација и нееднаквост, а преголем број од нив сè уште немаат пристап до соодветно образование и здравствени услуги. Повеќето од оние кои се заразуваат со ХИВ/СИДА се во своите тинејџерски или рани дваесетти години, некои имаат рана бременост или се вклучени во злоупотреба на дрога и деликвенција. Во секој случај, во многу области невработеноста ја влошува нивната амбиција и го поткопува моралот, а граѓанскиот конфликт може да има особено уништувачки ефект врз младите.

Верен придружник на секое општество е малолетничката деликвенција, која се има појавено скоро во сите социјални системи и денес нема држава во која не постои и каде не претставува значаен социјален и правен проблем, бидејќи малолетничкото злосторство по својата структура и социјална опасност се приближува на злосторството кај возрасните.

Ваквото општествено неприфатливо однесување на младите, со тек на време се менувало, како во поглед на облиците во кое се појавува, така и во поглед на причините и условите кои придонесуваат за тоа појавување. Правецот на тие промени

се движел во насока на сè почесто појавување и манифестирање на ова однесување од страна на младите, што во прв ред е последица од развојот на општеството и општествените односи, а со тоа и создавање на поголем број на фактори и околности кои младите луѓе ги поттикнуваат на вакво однесување. Со тоа непосредно се менуваат вредностите, моралните и правните општествени односи спрема младите за таквото нивно однесување, од потолерантни и похумани третирања и заштита на младите за нивните неприфатливи облици на однесување.

Фактот на повторното појавување на малолетни сторители е во пораст, што покажува на неефективноста на постојните социјални и криминални мерки за борба против малолетничката деликвенција и потребата од изнаоѓање на нови и поефикасни начини за реагирање на овој засилен негативен социјален феномен. Затоа, политиката на сузбивање на криминалот треба да го реши прашањето за малолетничката деликвенција, бидејќи тој проблем во голема мерка го спречува развојот на секое општество, со оглед на важноста на младите за просперитетот на општеството како целина.

Неприфатливото однесување на младите во општеството отсекогаш привлекувало посебно внимание, но со развојот на современото општество, се развиваат и менуваат облиците на однесување на младите и се појавува голема динамичност, што предизвикува длабоки промени во целокупната структура и развој на современото општество, која пред сè е детерминирана од напредокот на науката и техниката, на технологијата, дигитализацијата, електрониката и компјутеризацијата, на информатиката и сето тоа во име на послободен, понезависен, побогат, посреќен и посигурен живот на човекот. Од друга страна, напредокот на науката и техниката доведоа до големи промени во социјалните, правните, политичките и економските односи, кои покрај позитивните ефекти, се јавуваат и како причини за да страдањата на човекот во сите области од неговото живеење да бидат поголеми и потешки, правејќи го неговиот живот нехуман, несигурен и небезбеден.

Големата подвижност на населението во целиот свет, преминот од посиромашните кон побогатите делови во потрага по задоволување на примарните потреби како последица има зголемување на разликата меѓу богатите и сиромашните и зголемување на бројот на сиромашни семејства, што е битна карактеристика на современото живеење. Нагласениот хедонизам, филозофијата на потрошувачко

општество и тежнението да не се умре од глад, посебно децата кои се најчести жртви на гладот, од една страна, наспроти тенденцијата за хуманизација на односите помеѓу луѓето, нетолеранцијата, недоразбирањата и насилството, стануваат доминантни облици преку кои се остваруваат комуникациите меѓу луѓето, каде насилството станува доминантна феноменолошка карактеристика на сите тешки облици на криминалитет.

Во делот на формирањето на личноста, како важен фактор се јавува училиштето, односно образованието коешто самото дете го добива таму. Во процесот на воспитување и едукација, училиштето спонтано и намерно, преку својата содржина и форма обезбедува развој на интелектуална и социјална личност. Покрај образованието, како важен фактор во креирање на личноста на едно дете напоредно се надоврзува и семејството како фактор, бидејќи секое дете додека е на мала возраст половина од денот го поминува на училиште, но во другиот дел од денот тоа дете е опкружено со својата фамилија и блиски луѓе, коишто индиректно или директно му влијаат на детето преку насоки на тоа што е правилно, а што не е правилно, што е морално, а што неморално, насочувајќи го да ги донесе правилните одлуки во животот.

Две главни прашања кои се поставуваат во овој магистерски труд се: Дали образованието влијае како фактор за појава на детското престапништво? Дали семејството влијае како фактор за појава на детското престапништво?

Користејќи ги сите методи на пишување на овој труд, стручната литература и статистичките податоци, ќе се добие одговор на овие прашања.

Структурата на магистерскиот труд се состои од: попис на табели, апстракт на македонски и англиски јазик, содржина, вовед, главен текст на магистерскиот труд, поделен во глави, заклучок, користена литература.

Самиот магистерски труд започнува со вовед, во којшто накратко е објаснето што претставува детското престапништво, притоа давајќи насока на тоа кои фактори влијаат и зошто влијаат за негово појавување. Тука се наведува што е предмет, цел, задачи, хипотеза на трудот и кои методи ќе бидат користени при негово пишување.

Во првата глава се објаснува за детското престаништво, каде детално е објаснет поимот детско престапништво, кој има повеќе синоними во разни земји, притоа означувајќи еден ист поим, но најпознат од нив е поимот малолетничка деликвенција. Во овој дел се објаснува поимот дете и неговата положба, наведувајќи ги правната,

деловната и деликтната способност и од кога тие се стекнуваат. Се разработуваат теориите за детско престапништво, накратко разграничувајќи ги секоја од нив.

Во втората глава детално се разработени факторите кои придонесуваат за појава на детско престапништво, ставајќи акцент на семејството и образованието како главни фактори, односно причините на појавување, т.е. непојавување на детското престапништво во едно семејство. Тука подетално ги разработуваме семејството и образованието како два непосредни фактори за појава на детското престапништво, секако со набројување и разгледување на други фактори кои индиректно влијаат на детското престапништво.

Во третата глава се разработени статистичките податоци за бројот на деца кои се малолетни деликвенти според јавнообјавени податоци од министерствата. Во овој дел користените податоци ќе бидат прикажани преку табели и графикони со проценти, користејќи го компаративниот метод и методот на анализа на документи/статистички податоци. Ќе бидат разгледани податоци на поделбата на децата по пол, старосна граница, во делот на добивање на некоја казна, упатување во малолетнички затвор, за кое кривично дело се отповарени самите деца и слично.

На крај на оваа магистерска работа се даваат заклучните согледувања во поглед на темата, се дава одговор на прашањето дали семејството и образованието се ризик фактори за појава на детското престапништво и исто така се даваат препораки кои би помогнале за сузбиравање на детското престапништво во Република Северна Македонија, кое од година во година зема замав и сè повеќе малолетници се причинители на кривични дела. Во овој дел се дава можност да се дадат препораки во делот на намалување на детското престапништво.

Во делот на пишувањето на овој магистерскиот труд консултирана е литература од познати странски автори, како и од домашни автори кои имаат дадено голем придонес во истражувањето на детското престапништво, но користени се закони и меѓународни документи и други прописи од оваа област, како и статистички податоци за да се осознае детското престапништво и факторите за појава на детското претстапништво, фокусирајќи се на семејството и образованието како ризик фактори за појава на детско престапништво.

Предмет на истражување

Предмет на оваа магистерска работа е да се објасни поимот детско престапништво и кои фактори се причина за појава на детското престапништво, притоа задржувајќи се на анализа и обработка на семејството и образованието како ризик фактори за појава на детско престапништво, развојот и карактеристиките на теориите за детското престапништво, анализа на статистичките податоци за детско престапништво, со насоки за негова превенција.

Цел на истражувањето

Проблемот на деликвенција кај децата не е нов, тој се има наметнато како сериозен проблем поради неговата тежина и вид, поради зголемената тенденција на движење на младите, брзиот пристап на интернет и многубројните влијанија врз општествените односи и развој, кои го прават овој феномен многу значаен и истиот има потреба од голем интерес и ангажираност на општеството за негово сузбивање.

Целта на пишување на темата во магистерската работа е да се објасни поимот детско престапништво, кои се факторите кои придонесуваат за појавување на престапништвото кај малолетниците за да се дојде до анализа на семејството и образованието како ризик фактори за појава на детско престапништво.

Преку запознавање на карактеристиките на деливенцијата и нејзините облици да добиеме една слика за состојбата со криминалитетот кај децата на територијата на Република Северна Македонија, преку преглед на статистички податоци.

Хипотези на истражувањето

Основна хипотеза во магистерската работа е дека на одреден начин семејството и образованието можат да се сметаат за ризик фактори за појава на детско престапништво.

Хипотеза А - Образованието влијае како фактор за појава на детското престапништво.

Хипотеза Б - Семејството влијае како фактор за појава на детското престапништво.

Очекувани резултати

Се очекува да се потврди основната хипотеза, дека на одреден начин семејството и образованието можат да се сметаат за ризик фактори за појава на детско престапништво.

Се очекува да се потврди хипотеза А – дека образованието влијае како фактор за појава на детското престапништво.

Се очекува да се потврди хипотеза Б – дека семејството влијае како фактор за појава на детското престапништво.

Задачи на истражувањето

Задачите на темата во магистерската работа произлегуваат од целта на темата, и во таа насока се определени следните:

- Да се објасни поимот детско престапништво;
- Да се разгледаат основните аспекти на детското престапништво;
- Да се претстават и објаснат различните теории на детското престапништво;
- Да се истакнат карактеристиките и суштината на теориите;
- Да се објаснат семејството и образованието како ризик фактори;
- Да се согледаат и анализираат статистичките податоци за детското престапништво;
- Да се дадат заклучни согледувања во насока на превенција на престапништвото од страна на малолетниците.

Методи на истражување

Во процесот на пишување на магистерскиот труд се користени следните методи:

- индуктивен и дедуктивен метод,
- аналитичко - синтетички метод;
- набљудување;
- компаративен метод;
- анализа на правни документи;
- анализа на статистички податоци.

Глава I

Глава I

1.Детско престапништво

1.1.Поим на детско престапништво

Борбата против детското престапништво во голема мерка зависи од адекватниот пристап на самото општество, кој модел овозможува активност на надлежните органи и превенција од сторување на кривични дела, каде како сторители се јавуваат малолетници.

Поимот деликвенција (delinque – деликвентност, односно кршење на законските норми, извршување на кривични дела) опфаќа облици на асоцијално, антисоцијално, социо-патолошко и криминално однесување. Одредени теоретичари нагласуваат дека деликвенцијата не е медицинска дијагноза, туку е социјална болест, затоа што се смета дека деликвентите се личности кои не живеат во согласност со моралните и законските норми на општеството и од овие причини, тие се повремено или трајно во конфликт со законите.[1]

Терминот деликвенција потекнува од латинскиот збор *delictum*, кој значи грешка, прекршок, чин што е законски забранет, т.е. казнив. Додека зборот *delinquent/ delinquens* значи сторител на забранети законски казниви дела, односно престапник или злосторник. Кога се зборува за малолетничка деликвенција, тогаш се подразбира дека сторители на забранети и казниви дела се малолетните лица. Прекршоците на малолетни лица вклучуваат непристојно однесување, нарушување на јавниот ред и мир, тепачки, нарушувања на безбедноста во сообраќајот и слично.[2]

Малолетничката деликвенција или детското престапништво може да се означи како облик на лошо однесување на малолетниците, од каде произлегува зборот „деликвенција“ и нема нормирано и општоприфатено значење. Тој е воопштен израз

[1] Лажетиќ-Бужаровска, Г., Нанев, Л., Кошевалиска, О. (2015). Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот, Скопје. Стр.15

[2] Вејновић. Д. (2008). Социолошки аспекти малољетничке делинквенције, Малолетничка деликвенција облик друштвено неприхватљивог понашања младих. Бања Лука .стр.5

кој јавноста и судските органи го користат за означување на различни однесувања кои се сметаат за несоодветни постапки на малолентиците. Според тоа, тешко е да се мери обемот на деликвенцијата за одредено време и простор, а посебно имајќи ги предвид различните дефиниции за малолетничкиот криминалитет. Друга потешкотија се гледа во тоа што изразот „деликвенција“ се употребува за да се опишат или опфатат различните проблеми на однесување, како што се: бегање од училиште, агресивност, вандализам, злоупотреба на алкохол и дрога, напад на имот, прекршување на јавниот ред и мир, и други. Изразениот проблем се манифестира и во делот на утврдување и во делот на одредување на обликот на малолетничкиот криминалитет. Малолетниците не се биолошки, социјално и психолошки зрели личности, што произлегува дека можат да се јават различни облици на нивно криминално однесување. Нивната возраст се карактеризира со брзи и биолошки промени, што е поврзано со моменталната промена на статусот во фамилијата, училиштето и општеството. Физичката сила во овој период се зголемува. Личноста на малолетникот е неизградена и подложна на разновидни влијанија кои можат развојот и однесувањето да го усмерат во облик на асоцијално и антисоцијално однесување. Емоционалната незрелост и напнатост имаат влијание на деликвентното однесување на младите. Емоционалното обележје е поврзано со криминалното однесување, што произлегува од емоционалната нестабилност, раздразнетост и вознемиреност, а како последница на отфрлање, инфериорност, потиштеност, љубомора или некоја друга фрустрација. Младите личности кои ги поседуваат некои од наведените карактеристики имаат проблем со општественото неприлагодување поради што често доаѓаат во конфликт, а на крајот завршуваат со криминална дејност. [3]

Постојат најразлични дефиниции за малолетничко однесување, кои се контрадикторни едни со други и секоја од нив е поврзана со различни термини и поими во делот на малолетничката деликвенција, а како најкористени поими се јавуваат: едукативно занемарување, едукативна запуштеност, едукативна ранливост, млади со дисоцијално однесување, деца со проблеми, морални превирања, морален дефект, нарушувања во однесувањето, социјални нарушувања, асоцијална, антисоцијална, социопатска младина, малолетничка деликвенција, малолетничко престапништво, малолетнички криминалитет, малтретирање, хулиганство. Терминот малолетнички криминалитет е познат скоро во сите држави, но во различни земји има различни

[3] Љубичиќ, С., Малолетнички криминалитет. Култура полиса. УДК:316.62:316.624. стр:347-348

дефиниции, а како синоними за малолетниците деликвенти кои се прифатени скоро во сите земји се: лоши момци, мангупи, уличари, изроди, и друго, но најраспостранет израз за сите криминалци кои не се полнолетни е малолетен деликвент.

На оваа тема постојат многу дефиниции од автори кои се занимаваат со проучување на појавата на деликвенција. Паралелно се користат и термините малолетничка деликвенција, малолетнички криминалитет, малолетничко престапништво, детска деликвенција, детско престапништво, воспитна запуштеност и слично, со тоа што во Република Северна Македонија е прифатен терминот детско престапништво, согласно позитивните законските одредби од Законот за правда на децата.[4] Порано во нашата држава во важност беше Законот за малолетничка правда,[5] кој оперираше со терминот малолетничко престапништво, кој термин сега е заменет со детско престапништво, но како што напоменав, овие термини се синоними и означуваат на тоа дека детето ја преминало законската норма на дозволено дејствие и со неговото однесување доаѓа до судир со прифатливото однесување од општеството, на кој начин доаѓа и до повреда на законските норми.

Повеќето теоретичари тргнуваат од добропознатите три групи сфаќања за поимот на детското престапништво. Во таа смисла, <u>првата група</u> под детско престапништво подразбира:[6]

Однесување на младите кое за последица има кршење на нормите на кривичното законодавство. Ваквата дефиниција има сериозни недостатоци, со оглед на фактот дека не прави разлика помеѓу криминалитетот на полнолетните и децата.

<u>Втората група</u>, детското престапништво го определува уште пошироко, дефинирајќи го како:

Кривички дела сторени од страна на децата, како и сите оние однесувања на малолетните лица кои се во судир со правните прописи на определена држава. Приврзаниците на оваа дефиниција се теоретичари од повеќе држави во САД.

<u>Третата група</u> ја сочинуваат социолошко-криминолошките сфаќања, според кои:

[4] Закон за правда на децата, Сл.весник на РСМ, бр.148/2013
[5] Закон за малолетничка правда, Сл.весник на РСМ, бр.7/2007
[6] Лажетиќ-Бужаровска, Г., Нанев, Л., Кошевалиска, О. (2015). Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот, Скопје. стр.16

Детското престапништво, покрај кршењето на кривичните и другите правни норми, го опфаќа и она однесување на децата, кое социо-културната средина го смета за непожелно. Најпозната ваква дефиниција е дефинирана од страна на Тодорович, којшто под овој поим подразбира „такво девијантно однесување на младите, со кое се кршат правните норми, но и моралните норми на општеството“.

Според Јашковиќ: „Престапничкото поведение на младите е секое поведение на поединец, група на млади, кое е противправно, односно општествено неприфатливо, однесување, со кое се кршат правните и моралните норми на определено општество и кога тоа е општествено видливо, кое предизвикува спонтано или организирано општествено реагирање со намера да се заштитат општествените добра и вредности, како и самите актери на таквото поведение.“[7]

Согласно дефинициите на поимот детско престапништво, постојат екстензивни и рестриктивни дефиниции на поимот за сите облици на девијација кои се појавуваат во однесувањето на децата, во смисла на однесување спротивно на моралните и законските норми во едно општество, што ја дава екстензивната дефиниција на поимот детско престапништво. Рестриктивните дефиниции се верзија во потесна смисла на самата дефиниција, за разлика од екстензивните кои во себе го вклучуваат антисоцијалното и асоцијалното однесување. Овие дефиниции се потпираат на она однесување кое е инкриминирано како кривично дело во позитивното кривично законодавство.

Поим кој неминовно е поврзан со детското престапништво, а и најчесто користен кога се зборува за тоа, е воспитна запуштеност, кој се користи кога се објаснува за етиологијата на детското престапништво, чие значење е дека е нешто занемарено, односно дека има недоволна грижа.

И кај овој поим се среќаваат различни дефиниции. Една од дефинициите е дека воспитната запуштеност е поим кој опфаќа три степени воспитна загрозеност, воспитна занемареност и детско престапништво. И покрај бројните критики на оваа дефиниција,

[7] Подетално во Јашкович, З. (1978) и Лажетиќ-Бужаровска, Г., Нанев, Л., Кошевалиска, О. (2015). Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот, Скопје. Стр.17

голем број од теоретичарите ја прифаќаат индиректно преку определување на воспитно запиштеното лице, како лице кое со своето однесување врши:[8]

- Нарушување на општоприфатените општествени норми за коректно однесување (како на пример, бегање од дома, неоправдано отсуство од училиште, скитање и сл.);
- Прекршоци против јавниот ред и мир;
- Кривични дека кои со закон се предвидени како кривични дела и чии обележја се определени со закон.

1.2. Поимот дете

Секој ден читаме или слушаме за злосторства извршени од малолетници. Од сето тоа што го гледаме и слушаме во врска со малолетничкиот криминал, може да се запрашаме колкав дел од младите на нашата нација се во криминал - без разлика дали биле уапсени или не. Читаме за пукање во училиштата и злосторства извршени од млади, на кои потоа им се суди во судовите за возрасни. Додека е точно дека многу млади луѓе користат и/или продаваат дрога и вршат сериозни злосторства, повеќето во основа се деца што ги почитуваат законите, но понекогаш се намамуваат да прават прекршувања на законите, но кои ќе созреат од незаконитостите пред да наполнат 18 години.[9]

Пред да навлеземе во разработка на факторите кои се причини за појавата на деликвенција кај децата, потребно е да определиме како е дефиниран законски поимот дете. Во Законот за правда на децата се определени значења на поимите и изразите, па така поимот дете е секое лице на возраст до 18 години.[10] Во продолжение на тој член се дадени објаснувања на поимите за дете во ризик; дете во ризик до 14 години; дете во ризик од 14 до 18 години; дете во судир со закон од 14 до 16 години; дете во судир со

[8]Лажетиќ-Бужаровска, Г., Нанев, Л., Кошевалиска, О. (2015). Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот, Скопје. Стр.18

[9] Donald J. Shoemaker .(2008). Juvenile delinquency. Rowman & littlefield publishers.стр.3

[10] Член 19 од Законот за правда на децата Сл.весник на РМ, бр.148/2013

закон над 16 години; дете жртва е секое дете на возраст до 18 години и помладо полнолетно лице.

- Дете во ризик е секое дете кое наполнило седум, а не наполнило 18 години со телесна попреченост или пречки во менталниот развој, жртва на насилство, воспитно и социјално запуштено, кое се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или е оневозможено остварувањето на воспитната функција на родителите/или/от, односно старателите/или/от, кое не е вклучено во системот на образование и воспитание, вовлечено во питање, скитање или проституција, кое употребува дроги и други психотропни супстанции и прекурзори или алкохол, а кое поради ваквите состојби е или може да дојде во допир со закон како жртва или како сведок на дејствие кое со закон е предвидено како прекршок или дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело.
- Дете во ризик до 14 години е секое дете кое во времето на извршување на дејствието со закон предвидено како кривично дело за кое е утврдена парична казна или затвор над три години или дејствие со закон предвидено како прекршок наполнило седум, а не наполнило 14 години.
- Дете во ризик од 14 до 18 години е секое дете кое во времето на извршување на дејствието со закон предвидено како кривично дело за кое е утврдена парична казна или затвор до три години или дејствие со закон предвидено како прекршок наполнило 14, а не наполнило 18 години.
- Дете во судир со закон од 14 до 16 години е секое дете кое во времето на извршување на дејствието со закон предвидено како кривично дело за кое е утврдена казна затвор над три години наполнило 14, а не наполнило 16 години.
- Дете во судир со закон над 16 години е секое дете кое во времето на извршување на дејствието со закон предвидено како кривично дело за кое е утврдена казна затвор над три години наполнило 16 години, а не наполнило 18 години.
- Дете жртва е секое дете на возраст до 18 години кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на правата и интересите како последица на сторено дејствие со закон предвидено како кривично дело.
- Помладо полнолетно лице е лице кое во времето на пресудување за дејствие со закон предвидено како кривично дело наполнило 18, а не наполнило 21 година.

Новината која се воведува со овој закон е тоа што дава сеопфатни дефиниции на различни категории на деца според возраст и околности со кои децата се стават во ризик, не само како сторители, туку и како сведоци и жртви на кривични дела. Дефиницијата на деца во ризик е прилично широка и помеѓу другото се однесува и на деца жртви на насилство и жртви или сведоци на прекршоци или кривични дела. Сепак, Законот исто така воведува и една нова категорија – „дете жртва“, што е „секое дете под 18-годишна возраст, кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или прекршување на правата и интересите на детето како резултат на сторено дело, кое според закон се смета за кривично дело.“[11]

Имено, согласно одредбите од Законот за правда на децата, во делот на дефинирање на различните категории на деца, секако според возраста, дејствијата, мерките и санкциите кои можат да се изречат, овие поими на дете можеме да ги поделиме во четири групи и тоа:

- *Деца во ризик*: дете во ризик, дете во ризик до 14 години, дете во ризик од 14 до 18 години.[12]
- *Деца што подлежат на кривична одговорност*: дете во судир на закон од 14 до 16 години, дете во судир со закон над 16 години.[13]
- *Дете жртва*: дете жртва е секое дете на возраст до 18 години.[14]
- *Помлад полнолетник*: помладо полнолетно лице од 18 до 21 година.[15]

Во членот 5 од истиот закон е предвидено дека на дете над 14 години не може да му биде изречена санкција за дејствие кое пред да биде сторено не било предвидено со закон како кривично дело или прекршок, за кој не била утврдена санкција со закон или со ратификуван меѓународен договор, која одредба е во согласност со одредбата од

[11] Мапирање на институциите и организациите на граѓанското општество кои им пружаат услуги на деца жртви на насилство и злоупотреба, октомври 2014, стр.6, подетално на: https://www.unicef.org/northmacedonia/media/3461/file/MK_MappingInstitutionsChildrenVictims_Report_MK.pdf

[12] Ризикот ги опфаќа различните ризик фактори кои го загрозуваат правилниот раст, развој, воспитание и социјализација на детето.

[13] Овде спаѓаат двете категории на деца кои порано со законите се именуваа како постари и помлади малолетници.

[14] За едно дете да добие статус жртва, потребно е да претрпело штета, повреда, страдање, загуба или загрозување на неговите права и интереси како последица на сторено кривично дело.

[15] Се задржува поблагиот третман кон лица од 18 до 21 година и тоа во однос на можноста да се одбегне судење ако тоа лице наполнило 21 година во време на судењето, а ако во време на судењето нема наполнето 21 година, може да му се суди само за потешки кривични дела, но ќе му се изрече мерка на засилен надзор или заводска воспитна мерка.

Уставот: „Никој не може да биде казнет за дело кое пред да биде сторено не било утврдено со закон или со друг пропис како казниво дело и за кое не била предвидена казна. Никој не може повторно да биде суден за дело за кое веќе бил суден и за кое е донесена правосилна судска одлука.“[16]

Во последниве 10 години, во Република Северна Македонија во неколку наврати се направени измени на политиките за заштита на децата и на младите во ризик. Најпрво беше донесен Закон за малолетничка правда во 2007 година, каде што за првпат се споменува терминот „дете во ризик“. Овој поим е сместен во областа на казненото законодавство за децата, меѓутоа во својата дефиниција препознава и малку поширок контекст. Во таа смисла, дефиницијата за дете во ризик во Законот за малолетничка правда е следнава: „Дете во ризик е секое дете кое наполнило седум, а не наполнило 18 години, со телесна попреченост или пречки во менталниот развој, жртва на насилство, воспитно и социјално запуштено, кое се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или е оневозможено остварувањето на воспитната функција на родителите/или/от, односно старателите/или/от, кое не е вклучено во системот на образование и воспитание, вовлечено во питање, скитање или проституција, кое употребува дроги и други психотропни супстанции и прекурзори или алкохол, а кое поради ваквите состојби е или може да дојде во допир со закон како жртва или како сведок на дејствие кое со закон е предвидено како прекршок или дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело“. [17]

Во областа на социјалната заштита, пак, се користи поразлична терминологија, каде што поимот „социјален ризик“ е содржан во одредбите од Законот за социјална заштита[18], и се однесува подеднакво на децата, на младите и на возрасните. Во таа смисла, во поимот „социјален ризик“ се содржани ризиците по здравјето, ризиците на старост и на стареење, ризиците на еднородителските семејства, ризиците од невработеност, губење приход за издржување врз основа на работа и слично, ризиците од сиромаштија и ризиците од друг вид социјална исклученост. Законот за заштита на децата[19], кој иако директно не е посветен на децата во ризик, во своите одредби содржи

[16] Член 14 од Уставот на Р.С.Македонија, Сл.весник на РСМ, бр.52/1991

[17] Димовска. А. (2016). Децата и младите во ризик во Република Македонија – рамноправни членови на социјалната држава или категорија за креирање фиктивни политики?, Здружение ХОПС – Опции за здрав живот Скопје, стр.8

[18] Закон за социјална заштита ,Службен весник на РСМ, бр.148/13

[19] Закон за заштита на децата, Службен весник на РСМ, бр. 23/13

мерки за социјална заштита кои ги опфаќаат сите деца, па следствено на тоа и децата во ризик.

Во 2008 и во 2010 година беше донесен Закон за измени и дополнување на Законот за малолетничка правда (ЗМП), за потоа во 2013 година да се донесе нов закон насловен како Закон за правда на децата (ЗПД). Во сите измени од ЗМП до ЗПД единствено не е променет членот кој ги дефинира поимите опфатени во овие закони, каде што е содржана и дефиницијата на поимот „дете во ризик".

Сепак малолетните сторители на кривични дела не смеат да останат неказнети, односно потребна е определена реакција за нивното поведение, затоа што на тој начин самата личност се развива, се изградува, доаѓа до дефинирање на системот на вредности во делот што е казниво, што е добро, а што е лошо, што е забрането, а што е допуштено, се зацврствува дисциплината и одговорноста на малолетникот бидејќи сето тоа е битно за самото негово опстојување и соживот во меѓусебните односи со другите луѓе.

Зборувајќи за прашањата сврзани за казнената одговорност на децата, внимание заслужуваат уште две согледувања:[20]

Прво, целокупното социјално живеење и развој на човекот се остварува меѓу разликувањето на доброто и злото. Тоа се нешта за кои човекот најрано и најбрзо стекнува искуства. Стекнува сопствени искуства, но поради големото значење на оние облици на човечко поведение што значат нанесување зло, најбрзо, најрано се осознаваат, се изградуваат критериуми за тоа што е тоа што е недопуштено, што е тоа што заедницата не го одобрува. Врз таа теза во суштина се гради и постапката за одговорноста на секој човек за неговите постапки, однесување, но и за казнената одговорност. Во услови кога уште посилно се нагласуваат проблемите сврзани со заштитата на слободите и правата на детето, преку системот на заштита, грижа и помош, тогаш и прашањето за одговорноста во однос на постапките се поставува во нови релации и на нов начин. Во тие рамки како две дијаметрално различно поставени појави, на едната страна правата и заштитата, на другата страна одговорноста, во казненото право се бараат решенијата за постапување на пробемот на одговорноста на начин на кој ќе се реализира во функција на стекнување позитивни и негативни

[20] Лажетиќ-Бужаровска, Г., Нанев, Л., Кошевалиска, О. (2015). Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот, Скопје. Стр.102

искуства за да не повтори тоа. Второ, самиот факт што во меѓународните инструменти нема единствен став за тоа која е возраста од која детето може да се повика на одговорност (казнена) за своите постапки, е доказ за севкупната сложеност на проблемот. Натаму, и тогаш кога се определуваат различни граници на старост во однос на способноста за одговорност од седум години нагоре и во рамките на оној период од животот што се нарекува „детство“, постојат различни категории со различни облици на одговорност и со тоа различни системи на реакција со казнени мерки.

Во нашата земја пред донесувањето на Законот за малолетничка правда и Законот за правда за децата, кривичната одговорност на децата како прашање беше уредено со Кривичниот законик[21]. Самиот Кривичен законик го користеше терминот малолетник, со тоа што правеше поделба во годините „од – до“, со тоа што тие малолетници сносеа различен степен на одговорност. Имено, постоеше група на кривично неодговорни лица, кои во моментот на извршувањето на кривичното дело не наполниле 14 години. Потоа во законот се спомнуваа малолетници со поделба на помлад и постар малолетник, со разлика во годините на возраст - лицето кое наполнило 14, а не наполнило 16 години е помлад малолетник, додека лицето од 16 до 18 години е постар малолетник. Различна група на луѓе со специфичен статус се лицата од 18 до 21 година, кои законот ги именува како помлади полнолетни лица.

Според Ковенцијата за правата на детето,[22] која Република Северна Македонија ја има ратификувано во 1993 година, во член 1 е предвидено дека детето е човечко суштество кое нема навршено осумнаесет години на животот, ако врз основа на законот кој се однесува на детето, полнолетноста не се добива порано. Ваквата појдовна дефиниција му дава посебен дух на целиот комплекс на правата на детето и има мошне важни реперкусии во однос на системот на малолетничка правда.[23]

Уставот, во својата исцрпна каталогизација на човековите права индиректно предвидува заштита на децата, преку гарантирање на правото на живот и правото на физичко и морално достоинство (членови 10 и 11). Посебна заштита е предвидена за

[21] Кривичен законик Сл. Весник на РСМ, бр. 19/2004
[22]Конвенција за правата на детето (1989)
Достапно на: http://www.childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/konvencija%20celosna.pdf посетено на: 31.07.2020 година
[23] Камбвски, В., Велкова, Т. (2008). Малолетничка правда-документи на Обединетите нации – Закон за малолетничка правда со коментари, 2-ри август С. Штип, стр.58

семејството, мајките, децата и малолетниците (член 42) и децата без родители и родителска грижа (член 40). Земјата е потписник на КПД, од 1993 г., како и на двата Опционални протокола, кои беа ратификувани во 2003 и 2004 година. Овие ратификувани меѓународни договори се дел од интегралната правна рамка и не може да се изменат со закон (член 118). Принципите на Конвенцијата на ОН за правата на децата се обврзувачки за сите компетентни државни власти, кои мора да ги заштитат загарантираните права на децата и да избегнат преземање на било кои активности или мерки со кои би се загрозиле или прекршиле правата на децата, како и да ги спроведуваат сите активности во најдобар интерес на детето.[24]

1.3. Адолесценција

Во поглед на начинот на определување и висината на долната граница на малолетството, во одделни земји може да се забележат разновидни решенија. Со оглед на начинот како се определува долната граница, сите земји можеме да ги групираме во три групи:[25]

- Земји кои воопшто не ја определуваат долната граница на малолетството;
- Земји со еластична долна граница за определување на кривично достигнат степен на биолошки развиток;
- Земји кои ја определуваат долната фиксна граница на малолетството и ја поврзуваат со достигнатиот број на години на живот.

Определувањето на долната и горната граница на малолетството е проблем кој се разликува од земја до земја, бидејќи секоја од земјите тргнуваат од различни фактори при определување на овие граници, од кога и до кога ќе се применува тој закон, според кој лицето ќе се третира како дете и ќе има определена заштита, а од која до која возраст на лицето ќе се применува другиот закон, што важи за возрасните лица, и според тој закон тоа лице кое било дете според годините при навршување на

[24] Мапирање на институциите и организациите на граѓанското општество кои им пружаат услуги на деца жртви на насилство и злоупотреба, Октомври 2014, стр.5, подетално на:https://www.unicef.org/northmacedonia/media/3461/file/MK_MappingInstitutionsChildrenVictims_Report_MK.pdf

[25] Лажетиќ-Бужаровска, Г., Нанев, Л., Кошевалиска, О. (2015). Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот, Скопје. Стр.24

годините потребни според законот, ќе биде изедначен со возрасните лица и нема да биде повеќе малолетно лице.

Во некои кривично-правни системи се одредува само горната старосна граница, додека во поголемиот дел од држави законодавствата покрај оваа, утврдува и долна граница. Утврдувањето на долната граница служи за разграничување помеѓу малолетниците и децата, додека горната граница ги одвојува малолетниците од возрасните сторители на кривични дела.[26]

Табела 1: Дефинирање на возраста за кривична одговорност [27]

Табела за дефинирање на возраста за кривична одговорност				
ред. бр.	Држава	возраст од кога започнува кривичната одговорност	кривична одговорност[28]	деловна способност
1.	Австрија	14	18/21	18
2.	Белгија	16**/18	16/18	18
3.	Белорусија	14***/16	14/16	18
4.	Бугарија	14	18	18
5.	Хрватска	14/16*	18/21	18
6.	Кипар	10/14*	16	16-18
7.	Португалија	12*****/16	16/21	18
8.	Романија	14/16	18/(20)	18
9.	Русија	14***/16	18/21	18
10.	Шкотска	8*****/16	16/21	18
11.	Србија	14/16*	18/21	18
12.	Словачка	14/15	18/21	18
13.	Словенија	14***/16	18/21	18
14.	Шпанија	14	18/21	18

[26] Киткањ,З., Малолетниците како субјекти на престапничкото однесување и нивна кривично правна одговорносг во македонија, во европа и во светот, Годишен Зборник на Филозофски факултет, Скопје, УДК: 340.915(100+497.7) стр.584

[27] Лажетиќ-Бужаровска, Г., Нанев, Л., Кошевалиска, О. (2015). Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот, Скопје. Стр.26

[28]Може/мора да се применува кривичното законодавство за полнолетни сторители; може да се применува малолетнички закон

15.	Чешка	15	18/18+	18
16.	Данска	15	15/18/21	18
17.	Турција	12	18	18
18.	Швајцарија	10*****/15/16	18/25	18
19.	Шведска***	15	15/18/21	18

*Кривична одговорност и можност за изрекување на казната малолетнички затвор

**Само за кривични дела во сообраќајот, и по исклучок, за тешки кривични дела

***Само за тешки кривични дела

****Не постои кривична одговорност „stristu sensu“; но постои примена на малолетнички закон

*****Само воспитни санкции (вклучувајќи и closed residential care) и мерки

Според податоците во Табела 1, можеме да забележиме дека во различни земји возраста за стекнување на кривична одговорност е различна и почнува од 10-годишна возраст, а завршува до 18 години. Во делот за кривична одговорност, каде е определено дека за кривична одговорност ќе се применува кривичен закон за возрасни сторители, а за малолетници може да се применува малолетнички закон, возраста доаѓа на лицата од 14 години, до најмногу 25 години во Швајцарија. Во делот на стекнување на деловна способност, таа во сите земји е иста и се стекнува на 18 години, освен во Кипар, каде од 16 до 18 години е годишна граница за стекнување на деловна способност на едно лице.

Во сите овие земји, а и во другите земји се јавуваат многубројни разнолики фактори кои можат да влијаат врз законодавството во самата држава во делот на определување на старосните граници за малолетство. Како дел од тие фактори би биле: мерките на кривичната постапка како редовна постапка за возрасните луѓе не би биле ефикасно средство за казнување и спречување на деликвенцијата кај малолетниците поради биолошката, социјалната, психолошката состојба и барања на младите луѓе; заштита на државата спрема детското престапништво преку примена на посебни процедури и мерки, како и сфаќањето за ефикасната и ефективната превенција на детско престапништво; младите лица како сторители на кривични дела да уживаат посебна заштита и погодност под определена старосна возраст поради хумани фактори; учество на потешки кривични дела меѓу малолетниците; практични и финансиски причини; причини на јавното мислење; причини на традицијата; историски развој и други.

Во делот на определување на способноста,[29] во нашата земја според Законот за облигациони односи[30] е определено дека децата стекнуваат деловна способност на 18-годишна возраст, која претставува можност на самостојно влегување во правниот промет, односно самостојно изјавување на правно-релевантна волја.[31] Оваа бројка на возраст на лицата не е апсолутна, односно истата може под определени услови определени во Законот за семејство[32] да ја стекне и порано на 16-годишна возраст при поднесување на барање за склучување на брак, со тоа што еднаш стекнатата деловна способност не се губи и по престанок на бракот пред навршување на 18 години.

Возраста е пригоден начин да се дефинира адолесценцијата. Но, тоа е само една карактеристика што го оцртува овој период на развој. Возраста е често посоодветна за проценка и споредување на биолошките промени (на пример, пубертет), кои се прилично универзални, отколку социјалните транзиции, кои варираат повеќе со социо-културната средина. Додека повеќето култури препознаваат дека постои време на транзиција помеѓу детството и зрелоста, тие често не се согласуваат со тоа како да се нарече овој период од животот или кои возрасти спаѓаат во него. Разгледајте ги, на пример, овие статистички податоци: [33]

- Меѓународната организација на трудот, Секретаријатот на Обединетите нации (ООН) и Образовната научна и културна организација на ООН означуваат луѓе на возраст од 15 до 24 години како „млади“;

- Хабитат на ООН (Младински фонд) го користи зборот „млади“ за да ги опише луѓето на возраст од 15 до 32 години;

- Фондот за население на ООН го користи зборот „млади“ за возраст од 15 до 24 години;

- Фонд за деца на Обединетите нации (УНИЦЕФ) го користи зборот „адолесценција“ на возраст од 10 до 19 години;

[29] Правна, деловна и деликтна способност
[30] Закон за облигациони односи Сл. весник на РСМ бр. 18/2001
[31] Галев, Г., и Дабовиќ-Анастасовска, Ј. (2009). Облигационо право,Центар за европско применето право и економија,Скопје, стр.171
[32] Закон за семејство Сл. Весник на РСМ бр.153/2014, во делот на еманципација
[33] Bonnie A. Nelson (2016). Juvenile delinquency - causes, control and consequences. Nova science publishers, стр.5

- Светската здравствена организација (СЗО) го користи зборот „млади“ на возраст од 10 до 24 години;

- Конвенција за правата на детето: „дете до 18 години“ ; и

- Африканската повелба за млади: „млади“ на возраст од 15 до 35 години.

Овие статистички податоци ја поддржуваат идејата дека културата навистина влијае на перцепцијата на човекот за развојот и животот. Исто така, сугерира дека различни култури го доживуваат овој период на развој поинаку од другите култури, бидејќи возрастите што го одбележуваат овој период од животот се менуваат значително од една во друга земја.

Потенцијалот за промени е една од примарните разлики помеѓу возрасните и адолесцентите, со тоа што малолетниците се во период на транзиција. Преминувајќи од зависност до независност, малолетниците се правно, физички, емоционално и ментално во состојба на прилагодување. Одлуките во системот на малолетничка правда, донесени за адолесцентите според принципот „најдобар интерес“, земаат предвид дека во многу поголем степен отколку за возрасните, останува надежта за промена. Одраз на процесот на самооткривање што сè уште се случува во адолесценцијата е во суштина, податливоста на малолетниците.

Каде се вклопувам? Ова е вообичаено прашање што го типизира периодот помеѓу адолесценцијата и зрелоста. Со други зборови, адолесцентите се наоѓаат во несигурна позиција во однос на местото каде што се вклопуваат со другите. Тие не се деца на кои им е потребен постојан надзор и насока, но сепак се генерално неискусни со светот околу нив. Во исто време, тие немаат финансиска независност како возрасните. На адолесцентите и понатаму им треба водство и ги зголемуваат чекорите кон целосна автономија на возрасните.

За да ја откријат нивната индивидуалност, посебност и ефикасност во рамките на нивните семејства, пријатели, училиште и заедница, тие се вклучуваат во нивните лични потраги. Адолесцентите кои ги откриваат своите атлетски вештини, интелектуална моќ, потврдено е дека се приклучуваат на клубови и воспоставуваат елаборатни социјални настани во реалниот и виртуелниот свет преку нивните различни социјални средства за интеракција (технички и други).

Динамиката која го карактеризира адолесцентскиот развој е уникатна и комплексна. Области особено важни во адолесценцијата вклучуваат академско функционирање, морално расудување и когнитивен развој. Прашања при меѓучовечко донесување одлуки вклучуваат припадност кон врсници, страв од одбивање, притисок од врсници, дефанзива и песимизам и управување со впечатоци. Дополнително, пријателствата и формирањето на групен идентитет се клучни елементи во меѓучовечкото функционирање на адолесцентите. Адолесценцијата е време на индивидуализација од семејството, проценка на нечии верувања и искуства и експериментирање на различни улоги и идентитети во потрагата по интегрирана целина. Всушност, средношколските и факултетските години се опишани како развојни мораториуми во кои адолесцентите добиваат привремено ослободување од одговорностите од страна на општеството. Конечно, клучно за давателите на малолетничка правда е да ги проценат импликациите на оваа повеќеслојна динамика во нивната сопствена клиничка работа во светло на етички и мултикултурни упатства за компетентно работење со групите на кои им служат.[34]

1.4.Теории на детско престапништво

Теорите за детското престапништво, земени како причини кои доведуваат до настанување на престапништвото кај децата, може да ги поделиме во неколку групи, од кои секој од нив имаат подгрупи како на пример:

- Социолошки теории
- Биолошки теории
- Психолошки теории.

Биолошките причини се однесуваат на влијанието на генетските предиспозиции, ендокрини нарушувања, разни болести на централниот нервен систем систем и слично. Психолошките причини се неразвиена интелигенција, емоционална нестабилност, невротизам, егоцентризам, незрелост, разни комплекси и слични тешкотии. Социолошките причини се однесуваат на мешање на различни социјални процеси, како што се: индустријализацијата, миграцијата, популација, конфликт на

[34] Bonnie A. Nelson (2016). Juvenile delinquency - causes, control and consequences. Nova science publishers, стр.47

култура и супкултура, влијанието на масовните ресурсни комуникации, потоа семејни проблеми, слободно време, влијанија на неформални групи, итн.

Следбеници на факторските теории за криминал претставуваат два основни пристапа: монистички и плуралистички. Додека во монистичкиот пристап се тргнува од мислењето дека само еден фактор е одговорен за појава на криминал, напротив, плуралистичкиот пристап укажува на важноста на поголем број фактори кои можат да бидат од различна природа.[35]

1.4.1.Социолошки теории

Социолошките теории ги разгледуваат причините на деликвентното однесување и ги согледуваат низ објаснување и влијанието на разните општествени причини. Гледајќи ја личноста како фактор, ги потенцираат сите општествени причини кои влијаат при оформување на личноста, економски причини, социјални причини, какво влијание има самата личност во општествените односи и други. Во социолошките теории ќе ги вброиме:

- Теоријата на анатомија;
- Теоријата на културна девијација;
- Теоријата на диференцијална асоцијација;
- Теоријата на општествена конктрола и
- Етикетирање и секундарна девијација.

1.4.1.1. Теорија на Анатомија

Оваа теорија тргнува од претпоставките дека присуството на интензивни легитимни желби го присилуваат лицето на девијација, доколку истите не можат легитимно да се задоволат. Најистакнат претставник на оваа теорија е Роберт Мертон,

[35] Вејновић. Д.,(2008), Социолошки аспекти малољетничке делинквенције, Малолетничка деликвенција облик друштвено неприхватљивог понашања младих. Бања Лука .стр.6

кој своето учење го заснова на Диркемовиот концепт на анатомија, според кој деливенцијата е резултат на преоптовареност на јазот на културните цели и средствата кои се на располагање за остварување на тие цели.

Во таа смисла, на децата како престапници од пониските општествени слоеви, со низиок социјален статус, им се недостапни легитимните средства за постигнување на културно детерминираните цели, посебно поседување на материјални добра, што за нив се од првостепено значење и кои тежнеат да ги остварат, поради што запаѓаат во „аноматична состојба на личноста“ и затоа ги кршат законските норми, односно се служат со нелегални средства да дојдат до својата цел. Аноматичната личност на децата престапници се определува како личност што е без иднина и без минато, со чувство на морална празнина.[36] Во фазата на формирање на личноста во која се наоѓа детето, со неговата дезорганизација во општеството, детето станува духовно празно и стерилно, отуѓено, со чувство за неправда, па многу лесно тргнува по патот на деликвенцијата како негов единствен излез од таа ситуација во која се има најдено.

На фрустрацијата се адаптираат на неколку начини:

- *Конфронтирање* како најчест начин, кој подразбира прифаќање на ситуацијата и прилагодување на околностите;
- *Ритуализам* претставува адаптација која подразбира компулзивно придржвање на легалните средства на сметка на остварување на своите цели;
- *Повлекување* како неефикасна и најретка адаптација, која подразбира отфрање на легалните цели и легалните средства;
- *Иновација* е пристап на преземање на ризик со примена на илегални начини на заработка, односно криминал.[37]

[36] Лажетиќ-Бужаровска, Г., Нанев, Л., Кошевалиска, О. (2015). Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот, Скопје, стр.29
[37] Abadinski, H. (2013). Drug use and Abuse: A comprehensive introduction, cengage learning, стр.141

1.4.1.2. Теорија на културна девијација

Претставниците на Теоријата на културна девијација сметаат дека сите стандарди во едно општество, коишто не се прифатени од страна на поширокаta заедница, се причина околу која се конформира девијантната личност. Заедницата ги определува сите законски, морални, етички и општествени норми и ги дефинира сите поведенија кои не се во согласност со нормите. Оваа теорија тргнува од својата основна претпоставка дека човекот е неспособен за извршување на дејствија кои самиот тој ги смета за девијантно однесување.

1.4.1.3. Теорија на диференцијална асоцијација

Теоријата на диференцијална асоцијација е главен правец на теоријата на културна девијација. Преку интеракција и контакти со поединци самото девијантно однесување се учи, пред сè со лица кои имаат позитивно размислување и став кон деликвенцијата и со самото тоа кај нив се зголемува можноста да манифестираат девијантно однесување преку усвојување на ставовите и вредностите, мотивите на деликвентната група и техниките на извршување на кривичните дела.

Согласно оваа теорија, деликвентното однесување на младите е најзастапено кај припадниците на пониските општествено-економски слоеви. Оваа теорија веднаш е побиена со статистичките податоци, согласно кои неретко како деца сторители на кривични дела се јавуваат и припадници на повисоките слоеви. Меѓутоа на нејзиниот придонес не може да се спори затоа што истите статистички податоци укажуваат на фактот дека детското престапништво кај пониските општествено-економски слоеви е масовна појава, а кај побогатите е исклучителна, што од друга страна оди во прилог на потврдување на оваа теорија.[38]

[38] Лажетиќ-Бужаровска, Г., Нанев, Л., Кошевалиска, О. (2015). Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот, Скопје. Стр.31

1.4.1.4. Теорија на општествена контрола

Оваа теорија тргнува од давање на одговор на прашањето зошто определени малолетници вршат кривични дела, а зошто другите во исти околности се придржуваат кон правните норми. Најзначајни претставници на Теоријата на општествена контрола се Иван Ној и Травис Хирши.

Поимот на самоконтрола е еден од најголемите придонеси на оваа теорија, бидејќи самоконтролата е фактор кој на самиот деликвент му влијае дали да го стори тоа кривично дело или да не го стори истото, земајќи ги предвид последиците кои би дошле по сторувањето на кривичното дело. Високото ниво на активност, авантуризмот, физичката сила се дел од причините за нискиот степен на самоконтрола кој е најзастапен кај децата и помладите полнолетни лица.

1.4.1.5. Етикетирање и секундарна девијација

Главен претставник на оваа теорија е Лимерт. Општеството ги стигматизира сите однесувања кои се сметаат за девијанти, што кореспондира со етикетирање и обележување на самите деликвенти како проблематични, непожелни во општеството, губење на почит од другите и губење на самиот статус во општеството. Самото етикетирање претставува реакција која општеството ја има во однос на девијацијата, односно т.н. секундарна девијација.

Драмата на етикетирање се одвива постепено сè додека поединецот не ја преземе улогата на престапник. Примарната девијација доведува до стрес на поединецот, доаѓа до реакција на презир, отфрлање и казна од страна на општеството, заради што се зајакнува примарната девијација, се зголемува омразата, се зголемува очекувањето од деликвентната група и понатаму девијантно да се однесува, зошто и таа ќе го отфрли, заради што се зајакнува деликвентната активност. Етикетирањето на деликвентот од страна на општеството се засилува, што уште повеќе ја зголемува неговата деликвентна активност, станува докажан и рамноправен член на

деликвентната банда и на крај ја прифаќа улога на престапник.[39] Етикетирањето и стигматизацијата се опасни процеси кои треба да се елиминираат, на што укажува оваа теорија.

1.4.2. Биолошки теории

Мислењето дека биолошките предиспозиции се основни криминогени фактори се основа на биолошките теории кои се сочинуваат од научни насоки кои се подразбираат во органскиот свет според Дарвиновото толкување за еволуцијата и кои се применуваат во општеството и другите појави. Кај овие тории биосоматските процеси се назначуваат како причини, како што се: наследни, органски, вродени, физиолошки и останати биолошки функции кои се набројуваат како можни причинители на деликвентното однесување на одредена група луѓе. Во биолошките теории ги вбројуваме: Ломброзова теорија и Теорија на Ханс Ајзенк.

1.4.2.1. Ломброзова теорија

Според Чезере Ломброзо, кој е претставник на една од најрадикалните теории, постои посебна телесна конструкција на криминалците. Имено, согласно оваа теорија, криминалците однапред се распознаваат според одредена физичка препознатлива конструкција. Сепак емпириски оваа теорија не е потврдена.

Прегледувајќи ги и мерејќи ги престапниците, Ломброзо забележал дека тие поседуваат физички стигмати (безоблични уши, бујна црна кадрава коса, ретка брада, коси очи, мал череп, големи челусни и јагодични коски, ниско чело) и психички стигмати (намалена чувствителност спрема болка, лекомисленост, жестина, мрзливост,

[39] Лажетиќ-Бужаровска, Г., Нанев, Л., Кошевалиска, О. (2015). Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот, Скопје. Стр.32

суеверие и сл.). Ова го навело Ломброзо на идејата дека престапникот е посебен вид на човечки род или „spesies generis humani“.[40]

1.4.2.2. Теорија на Ханс Ајзенк

Екстровертните личности потешко се условуваат, за разлика од интровертните личности коишто полесно се условуваат односно социјализираат. Според ова доаѓаме до заклучок дека деликвентите се екстровертни личности бидејќи во својот живот во периодот на детството не ги научиле кои се нормите на правилно однесување, па кај нив таа социјализација не успеала. Од една страна нечувствителни на физички нелагодности, а од друга страна пречувствителни на психолошки лишувања се децата кои се сметаат дека имаат екстровертен тип на личноста, односно не се доволно социјализирани. Кај истите тие тешко се формира совеста и моралната должност, постои физиолошки страв за стимуланси, лесно се склони кон премин во деликвентно однесување.

Тенденција да станат психопати и криминалци имаат личности кои се екстровертни, односно тие се и емоционално нестабилни, не се условуваат, не се доволно социјализирани, кај нив нема грижа на совест дека нешто е неисправно, неморално, односно немаат внатрешен регулатор на однесувањето.

Ајзенк се обидел да докаже дека екстровертноста е резултат на посебна структура на нервниот систем заради што е намалена можноста за условување. Иако се смета дека ова е само научна претпоставка, испитувањата на рускиот научник Павлов укажале дека релативната јачина на кортикалната инхибиција и на кортикалната ексцитација може да ги објасни разликите во темпераментот и брзината на условување на неговите кучиња. Ајзенк смета дека екстровертните личности имаат јака инхибиција, а слаба ексцитација, а пак интровертните личности имаат слаба

[40] Лажетиќ-Бужаровска, Г., Нанев, Л., Кошевалиска, О. (2015). Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот, Скопје, стр.33 и Марјановиќ, Г. (1998). Македонско казнено право, општ дел, Просветно дело, стр. 21

инхибиција, а јака ексцитација.[41] Различните ефекти на стимулативните и депресивните дроги покажале дека интровертните под влијание на депресивните дроги стануваат поекстровертни, а пак екстроверните под влијание на стимулативните дроги стануваат поинтровертни, што е во прилог на оваа теорија.[42]

1.4.3.Психолошки теории

Темпераментот, незрелоста, невротичноста, карактерот, интелигенцијата, мотивацијата, емоционалната стабилност, се дел од психолошките особини на личности кои ги поврзуваме со деликвенција, па приврзаниците на психолошките теории пробуваат да го најдат проблемот и почетокот на криминалот кај децата уште во психичките трауми кои самите лица ги имаат доживеано во детството. Настанувањето и одржувањето на криминалот може да се објаснат како од внатрешни, така и од надворешни психички процеси.

Психолошката теорија во прв план ги објаснува причините на деликвентното однесување, истакнувајќи ги притоа психолошките причини. Овие теории криминалното однесување го поврзуваат со психолошките особини на личноста. Постојат два вида на пристап. Првиот пристап укажува на поврзаноста на некои психички особини на деликвентното однесување, додека вториот пристап се занимава со паралелното испитување на личноста на неделиквентната и деликвентната група сè со цел изнаоѓање на карактеристики кај деликвентните личности. Заинтересираноста за деликвентните личности низ историјата може да се проучи низ неколку фази. Во првата фаза во прв план се става специфичната криминална личност, во втората фаза се истакнува дека асоцијалното тежнеење постои и кај неделиквентните лица, третата фаза ги застапува мислењето дека разликата помеѓу деликвентните и неделиквентните е само во степенот на исполнување. Претставниците на овие толкувања криминалното

[41] Ако промениме една хипотетичко-дедуктивна формула може да се заклучи следново: интровертните личности бидејќи имаат слаба инхибиција а јака ексцитација, се подложни на брзо условување а на многу бавно гасење. Од друга страна, екстроверните личности кои имаат јака инхибиција а слаба ексцитација многу бавно се условуваат (социјализираат) и брзо се разусловуваат, лесно им се гасат примените информации заради нивната огромна кортикална инхибиција.

[42] Лажетиќ-Бужаровска, Г., Нанев, Л., Кошевалиска, О. (2015). Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот, Скопје, стр.34

однесување го поврзуваат со психолошките карактеристики на личноста и во потполност ги занемаруваат социјалните фактори.[43]

1.4.3.1. Психоаналитичка теорија

Важноста на семејните односи и воспитувањето во склоп на семејството во период кога личноста е дете, се доста важни за неговиот понатамошен развој на карактерните особини на неговата личност. Според претставниците на овие теории, погрешниот развој на самата личност е резултат на неговото антисоцијално однесување. Сите тези кај оваа теорија се во делот на процесите и односите во раниот развој на децата.

1.4.3.2.Когнитивна теорија

Когнитивната теорија поаѓа од претпоставката дека човекот е определен и предопределен од своите спознанија „когнации“. Овие когнации се всушност високо определени социјални исклуства на луѓето. Таткото на развојната детска психологија, Пијаже, сметал дека когнитивната адаптација претставува една од основните функционални константи во човековиот развој, бидејќи секоја личност има вродена тенденција да се адаптира на околината. Во теоријата се истражувале когнитивните процеси кои го олеснуваат и стимулираат антисоцијалното однесување со кое се нанесува штета на некое друго лице. Особено е значаен нивниот придонес во разбирањето на механизмите за неутрализација на неодобрувањето на деликвентното однесување од страна на самиот престапник, но и од другите лица во негова близина. Овие механизми вклучуваат негација на одговорноста, негација на повредите, негација на жртвите, прогонување и повикување на посилна лојалност.[44]

[43] Сејдија, В. (2019). Ризик-фактори за повторништво кај децата во судир со законот, Филозофски факултет ,Институт за социјална работа и социјална политика,УКИМ,Скопје, стр.15, магистерски труд
[44] Лажетиќ-Бужаровска, Г., Нанев, Л., Кошевалиска, О. (2015). Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот, Скопје, стр.36

1.4.3.3. Теорија на општествено учење

Оваа теорија уште се нарекува и Теорија на социјално учење, која го набљудува однесувањето, па дури и агресивното однесување, што се карактеристики кои се учат од гледање и копирање на други личности кои исто така се однесуваат, т.е. како успешна или неуспешна копија на однесувањето на друго лице што доаѓа како резултат.

Во секојдневието имаме најразлични примери кои ги гледаме како модели, па однесувањето се учи преку набљудување на родителите, другарите или други личности кои ни се во непосреден контакт и близина. Следни се медиумите, како телевизија, интернет, социјалните мрежи, весници, магазини и други, а во оваа смисла медиумите се разгледуваат како промотори на култура на насилство.

Глава II

Глава II

2.Фактори за појава на детско престапништво

Причините што го предизвикуваат детското престапништво се мултифакторски. Корените може да се најдат во општествените промени и тешкотиите младата личност да ги спознае вистинските животни вредности и да оствари правилна идентификација која ќе му помогне во себеразбирање, зголемена самодоверба, поголем степен на толеранција, прифаќање на различностите, социјалните вештини и интерперсоналните својства, сликата за себе и градењето став кон оправданоста на општествено прифатливите норми. Постојат многу причини што ги наведуваат децата да вршат кривични дела, односно да манифестираат антисоцијално поведение.[45]

Општествено-економското и социјалното опкружување го опфаќаат оние причини кои се општоприфатени, како на пример: промените во општествените односи, сиромаштијата, турбулентните времиња, социјалната несигурност, маргинализираноста, невработеноста, предизвиците и проблемите кои постојат во семејствата, генерацискиот јаз, (не)можностите за соодветно образование и неможност за усовршување, а на тоа следуваат слаби училишни резултати, злоупотреба на алкохол, дроги и други недозволени супстанции, што може да доведе до сторување на кривични дела.

Сами по себе факторите на ризик не претставуваат причина за детско престапништво, меѓутоа во комбинација со други фактори на ризик и посебните карактеристики на индивидуата, може да се сметаат како причини за престапништво. Кај некои деца постоењето на повеќе фактори на ризик можат, но и не мора, да доведат до престапништво но, пред сè, тоа зависи од постоењето на фактори кои го штитат детето од ризиците што негативно влијаат. Заштитните фактори придонесуваат за амортизирање на ризични фактори и стимулирање на позитивно однесување, односно создавање отпорност кај индивидуите, развивање позитивно однесување, привrзаност кон семејството, училиштето, кон некој возрасен во или вон семејството и сл. Со

[45] Лажетиќ-Бужаровска, Г., Нанев, Л., Кошевалиска, О. (2015). Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот, Скопје, стр.62

повеќе заштитни фактори се развива отпорност кон ризиците, односно заштита од ризиците.

Потребно е да се идентификуваат заштитните фактори, а воедно и да се препознаат факторите на ризик. Подобро би било доколку се преземат активности за подобрување на самото здравје и вештини, одошто вниманието да се фокусира на решавање конкретни негативни состојби, односно идентификување на заштитните фактори. Постимулативно е кога пристапот е кон зајакнување на тие фактори, а не кон намалување на факторите за ризик.

Самите фактори за ризик може да ги најдеме во самата личност или во околината, во местото каде младите лица живеат, во нивното семејство, во односот со пријателите, друштвото, во училиштето во кое учат, во самата локална заедница. Најчеста поделба на ризик факторите, односно причините за појава на детско престапништво е на егзогени (надворешни) и ендогени (внатрешни) фактори.

Децата се само она што возрасните им допуштаат или им дозволуваат да прават, преку „производство на луѓе“ или социјализирање на некоја личност. Следствено на тоа, децата не се раѓаат како лоши, односно не се создаваат себеси, туку нив ги создаваат возрасните, кои на нив им ги пренесуваат нивните вредности, знаења и незнаења, ставови, стравови, љубов или омраза, аспирации и услови за нивно остварување, односно тоа е сè што подоцна би ги натерало да бидат социјализирани или несоцијализирани личности. Колку и добро да ги знаеме формите на социјално учење, не е секогаш исто, односно нашето чувство за она што сме, тоа е задоволство или незадоволство од нашиот успех во животот, чиј степен зависи од нашите реални или нереални очекувања и очекувања од нашето опкружување. Ние секогаш субјективно го гледаме светот околу нас, па поради тоа ние не сме секогаш свесни за објективните или субјективните околности за нашиот успех или неуспех, а тоа значи дека нашите неуспеси секогаш ги препишуваме на другите и на нашата „несреќна“ позиција и статус во општеството, а успехот само на самите себе и „својата работа“.

Овие наши успеси или неуспеси, како по правило, доброволно или недоброволно, со своите постапки и целокупниот став кон себеси, кон членовите на семејството и околината, ги наметнуваме на нашето потомство што го одгледуваме и сето тоа со добри намери за да го социјализираме. Сепак, таа социјализација не мора да се биде и не е секогаш успешна, а виновници не се ниту училиштето, ниту општеството во

целина, но не и само ние како неуспешни воспитувачи. Социјализација на потомството, имено, е заеднички интерес и на родителите и на општеството, индиректно, и на училиштата. Како ќе се одржи и колку успешно или неуспешно, зависи од квалитетот на родителот - воспитувач, но и од општеството и нејзиниот друг посредник - училиштето. Префрлајќи ја вината, како што е вообичаено, од една до друга или трета страна, а третата е секогаш училиштето, не води до решение ниту објаснување на причината за неуспехот на сите три фактори во социјализација на децата. Сепак, некој сè уште е виновен, затоа што ниту децата не се родени лоши или невоспитани.[46]

Утврдувајќи однапред, како извор на социјализација, што е дозволено, а што не е, преку семејството, врсниците, училиштата и медиумите, општеството, односно државата наметнува свои вредности на новите генерации. Општествени вредности на културните, религиозните или обичајните карактери, со подоцнежно додавање на нормативно определување или забрана во вид на различни закони, се пренесуваат од страна на семејствата и други агенти или посредници. Бидејќи полесно се интернализираат или прифаќаат како свои, нормите (културни, верски и обичајни) полесно се наметнуваат во воспитувањето на децата, затоа што тие се вредносна рамка на целокупното опкружување. Не мора законите да бидат „дериват“ на веќе интернализирани норми (културни, верски и обичајни), туку ова најчесто се случува со растечкото влијание на глобализацијата, па така децата го перцепираат како туѓо и наметнато и, според тоа, незадолжително за однесување.

На незадоволните, неуките и некомпетентните во одгледувањето деца, потребно е државата да им помогне преку своите тела за социјална контрола. Не можат државата и нејзините органи да се укинат себеси и нивното постоење однапред, со тоа што ќе ја префрлаат вината на други. Постои вакуум во примената на новодонесените закони, заради некритичното прифаќање на други решенија, непознавање на филозофијата и социологијата на правото, поради што „современите и светски закони“ се неприменливи за нас, поради што се поставува и прашањето каков правен систем и правна сигурност имаат граѓаните на една држава поради повеќе неприменливи закони.

[46] Николић, З. (2008). Обележја криминалитета малолетника у србији.тематски научни скуп. Висока школа унутрашњих послова, Бања Лука.стр .161-162

Во делот на егзогените фактори, се вбројуваат: сиромаштијата, семејството, образованието, влијанието на врсниците и соседството како ризик фактори, додека во ендогени фактори или внатрешни фактори се вбројуваат: структурата на личноста, темпераментот и неговите карактеристики, карактерот и карактерните особини, способностите како особина на личноста (интелектуални и ментални способности, психомоторни и сензорни способности), движечката сила на активноста на личноста, како мотиви, ставови, предрасуди и интереси. Предмет на оваа магистерска работа се семејството и образованието како ризик фактори за појава на детско престапништво, кои се два клучни фактори од бројот на егзогени, односно надворешни фактори, и истите ќе бидат детално разработени.

2.1.Семејството како фактор

Нуклеарното семејство, европско или азиско, социјалистичко или буржоаско, модерно или традиционално, е центарот на општествениот живот во сите култури. Општествата се потпираат на семејството за да ги постигнат основните задачи за одгледување и растење на децата. Континуираниот просперитет и опстанокот на секое општество зависи од тоа колку семејствата соодветно ја извршуваат оваа одговорност.[47]

Семејствата се примарна микросоцијална средина, односно примарна нишка во која детето се раѓа и се развива, која треба да овозможи правилен раст и развој на децата, да овозможи воспитание, образование и социјализација на децата. Семејството за детето претставува модел на општество. Контактите со првите луѓе од семејството детето ги генерализира, а подоцна тие искуства ги проширува и врз другите луѓе, што не значи дека сите ставови кои се стекнати во детството не можат да се променат, сепак искуствата од периодот на детството остваат големи траги во развитокот на самата личност.

[47] James Q. Wilson and Glenn C. Loury. (1897). From Children to Citizens-Volume III-Families, Schools, and Delinquency Prevention. Springer-Verlag. New York.стр.3

Семејството, односно родителите се „role model“ за восприемање на позитивна идентификација кај децата и тие наметнуваат сопствени стилови на родителство (авторитарен стил, пермисивен стил, демократски стил или индиферентен стил).[48]

Наместо проширеното (повеќегенерациско) семејство, семејството доживува промени под влијание на индустријализацијата и урбанизацијата, па тоа прерасна во мало, нуклеарно семејство кое е многу полесно прилагодливо на барањата за географска мобилност. Модерното семејство добива карактеристики на плуралистичко семејство, во кое постои изменета структура и функции, трансформација на емотивните и сексуалните односи, правна, економска и социјална рамноправност на жената, како и изменет однос помеѓу родовите, партнери со поделени родителски функции.[49]

Најважна и најстара група, во чии рамки човекот се формира како личност, претставува семејството. Остварувајќи ги своите потреби низ тој процес, семејството исто така има голема улога во делот на социјализација на неговите членови, односно реализирање на личностите преку трансфер на општествените и културните норми.

2.1.1.Поим на семејство

Семејството е единствена општествена група, во која сите членови остануваат емоционално поврзани во текот на целиот живот. Суштината на постоењето на семејството е во тоа на сите членови да им се пружи топлина, заштита, поддршка и социјално адаптирање. Семејството ги оспособува младите за живот во заедница – во семејството и општеството. Низ историјата семејството како заедница се трансформира, се менува и се прилагодува на новите услови. Поминувајќи низ период на транзиција во општеството и семејството како негова основна клетка минува низ семејна трансформација. Биолошката цел за постоењето на семејството најмногу е насочена кон создавање нова генерација, која ќе биде подготвена за продолжување на

[48] Мурџева-Шкариќ. О. (2009). Психологија на детството и на адолесценцијата, Развојна психологија, Филозофски факултет, Скопје, стр:174-175
[49] Мицковиќ. Д. (2008). Семејството во Европа XVI-XXI век. Културна установа „Блесок“, Скопје

тие цели. Другата функција на семејството е општествената, да ги збогатува своите членови со емоционални, духовни, етички и естетски квалитети.[50]

Семејството би можело описно да се дефинира како парцијална био-социјална заедница, во која луѓето се групираат:[51]

- За да ги задоволат природните сексуални односи за поврзување (општење) на различните полови;
- За да се обезбеди репродукцијата, продолжувањето на потомството (раѓањето деца);
- За да се поврзуваат во определени сроднички видови и односи, како природна и социјална основа за одобрување или забрана на половите односи;
- За да се одвиваат основните социјални дејности за обезбедување на материјалната егзистенција на групата и поединците во неа и
- За да се постигнуваат, одгледуваат, образуваат и воспитуваат децата.

Бракот и сродството се две посебни институции, кои произлегуваат од семејството кое претставува сложена структура. Бракот претставува заедница на лица од различен пол, која е заснована врз трајни и општествено регулирани сексуални и други општествени односи и врски, додека био-социјалната врска помеѓу лицата во семејството, која настанува по пат на поделба на улоги (татко, мајка, син, ќерка, брат, сестра итн) претставува сродството, што произлегува од статусот што секој поединец го има во семејството, врз основа на одвивањето на основниот брачен (полов) однос и врз основа на раѓањето како продукт на тој основен однос.

Во развојот на секое дете голема е улогата и значењето на семејството за негова социјализација, правилно воспитување и градење на личноста. Имено, во семејството со поддршка на родителот детето ги кажува првите зборови, го прави првиот чекор, доживува успех и учи како да се справи со несупехот во животот. Меѓутоа, не секое дете ја има можноста биолошкото семејство да му биде поддршка во животот, затоа што има деца кај кои врските со семејството се прекинати во рана возраст, кај други

[50]Младите,Бракот и Семејството-Прирачник за предбрачно советувалиште.(Јануари 2014), Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје. Скопје. Стр.5
[51] Андреевски. Ф., и Михајлоска. С., (2006), Културата во семејството. Ф-М-Б-Скопје. Стр.12-13

подоцна, а значителен број деца никогаш не ја почувствувале љубовта на биолошките родители. Ниту едно дете не може да избира каде ќе се роди. Оттука, општеството треба да настојува да покаже поголема чувствителност кон проблемите и потешкотиите со кои се среќаваат децата без родители или без родителска грижа.[52]

2.1.2.Функции на семејството

Најопшти и најзначајни функции, што можат да се сретнат во сите видови семејства, се:[53]

- Репродуктивната функција, преку која се обезбедува продолжување на човечкиот род, се обезбедува основната материјална претпоставка за продолжувањето на индивидуалната и општествената егзистенција;
- Функцијата на задоволување на половиот инстинкт и емотивната функција, преку кои на општествен начин се одвиваат половите односи институционирани во бракот;
- Економската функција, преку која се обезбедува основната материјална егзистенција на семејството;
- Заштитната функција, што произлегува од целокупната биосоцијална суштина на семејството, а се состои во оспособување на живот на своите, пред сè помлади членови, издржување, наследување, давање помош во случај на болест или во други незгоди итн.;
- Воспитно-образовна функција, што се состои во издигнување на децата, во нивно подучување и воспитување за да се подготват и вклучат во општествениот живот. Иако во современото општество образованието и воспитувањето сè повеќе добиваат општествен карактер, во семејството се одвиваат основните процеси на оваа функција;

[52] Посебен извештај за состојбата и условите за остварување на правата на децата без родители и родителска грижа сместени во Јавните установи за грижа во Република Македонија,(2017), стр.2, достапно на : http://ombudsman.mk/upload/Posebni%20izvestai/2017/Deca%20vo%20ustanovi-Mk.pdf

[53] Андреевски. Ф., и Михајлоска. С., (2006), Културата во семејството. Ф-М-Б-Скопје. Стр.13-15

- Функција на социјализација на личноста, преку која се врши поврзување на поединецот со поширокатa општествена заедница.

Како одговор на сопствените потреби, аспирации, творечки потенцијали, оној артифициелен свет што човекот го гради е културата. Човекот е повеќедимензионално суштество, не само како чист инстинкт, туку подготвено да се соочи со најгрубите и истовремено најсофистицираните предизвици на егзистенцијата. Не само стихијно понесен од неа, туку тој историски, во континуитет од специфичен карактер ја гради и обликува таа егзистенција. Систем на вредности, норми, обичаи, артефакти, осмислени од човекот, кои се манифестираат во неговиот секојдневен живот, ја сочинуваат културата. Низ мрежата на сложената структура на меѓучовечките односи се создава и функционира тој сложен механизам на човечки творби. Пред сè како општествено суштество, човекот со тоа го обезбедува и својот опстанок и ја докажува посебноста на своето постоење како вид.

За нејзината поврзаност и детерминираност во однос на општеството, во однос на околината и во неспорна корелација со човековите способности, говори фактот дека културата е дел од сите аспекти на секојдневниот живот, значи и од секоја општествена активност и институција. Како резултат на човековата потреба сето она што можеме да го сметаме на одреден начин да опстане во стварноста, со сите свои карактеристики како вид, во разновидните ситуации е причина како за постоењето на некои вредности значајни и незаобиколни за секоја култура, така и на низа различни производи на човековиот дух и акција карактеристични за одделни културни модели.

Културата се создава преку природната интеракција помеѓу групи луѓе, заснована врз нивните заеднички искуства. Понатаму, културата е поврзана со животната средина, која ги содржи нормите и општествените правила. Овие култури, според тоа, ги учат луѓето како да преживеат во специфични социјални контексти (т.е. различни култури имаат различни правила за луѓето да можат да преживеат во нив).[54] Збир на врежани вредности кај една личност е културата, која ги учи луѓето како да дејствуваат и да реагираат, и што е најважно, како да се дружат. Во суштина постојат илјадници различни култури во светот, како на пример, етнички култури, религиозни култури, технолошка култура, адолесцентна култура, култура на возрасни.

[54] Bonnie A. Nelson. (2016). Juvenile delinquency - causes, control and consequences. Nova science publishers, стр.5

Својата култура секое општество си ја гради според начинот и формата на градењето на одредени вредности и таа е единствена и неповторлива. Кај одделни култури варијациите на културните елементи и различното градење на системот на меѓучовечките односи се многубројни. Од основната егзистенцијална рамка што ја споделува човештвото, како и од природата на човекот и неговите способности за соочување со таа егзистенција, произлегуваат заедничките културни вредности кои ги сретнуваме кај различните општествени заедници. Мошне широк дијапазон на сродни човекови активности и резултати од тие активности, можеме да сретнеме во секоја култура, како на пример: семејни односи, создавање средства за производство, социјален статус, сопственички права, табуа, митови, поделба на трудот, казнени санкции, ритуали и слично, меѓутоа формите во кои тие се појавуваат како универзални културни елементи, ја носат особеноста на културата, односно општествената средина од која произлегуваат.

2.1.3.Историја на родителството

Младата генерација поминува низ тешки и длабоки промени во својот живот, а таа положба ја диктира напредокот на науката и техниката, современите услови на живеење, политичките и општествените промени, интернетот, медиумите. Голем е интересот на јавноста за негативните однесувања на младите, што е причинето од односите во семејството, условите за живот, социјалното однесување на децата, образованието, однесувањата во училиштата и слично.

„Лицето А.А. скршило прозорец во училиште.“; „Лицето Б.Б. фатен во кражба.“; „Лицето В.В. го силувал и претепал лицето С.С.“. Овие натписи се само дел од оние кои ги гледаме во дневните весници, на телевизија или по социјалните мрежи и во истите тие се наведени имињата на малолетниците со иницијали. Ваквите и слични други натписи се објавуваат и се споделуваат за лица кои сториле некои недозволено дејствие спротивно на законските и моралните норми. Потребно е да се најдат причините зошто определени лица кои се малолетници пројавуваат такво однесување, кои се нивните родители, од какво семејство потекнуваат тие деца, бидејќи првично причините се бараат во семејството, во семејното воспитување на малолетникот.

Општо е познато дека децата кои се единци[55], или кои се многу разгалени од своите родители, деца на кои сѐ им е дозволено и сѐ им се попушта, со текот на времето стануваат себични, безобѕирни, самобендисани, нарциси, егоцентрични, не соработуваат со други луѓе, не почитуваат правила и слично, но сепак не треба да се гледа ова како правило.

Потребно е во семејството секогаш да има пријателски однос помеѓу родителите и децата, без некој да доминира, да се створи пријатна атмосфера на разговор, бидејќи односите во семејството се многу важни, а строгата дисциплина од страна на родителите спрема детето, пропратено со забрани, може да има негативен ефект кај самото дете, кое ќе посака да стане бунтовно и да го прави спротивното од тоа на што го советуваат и учат неговите родители. Индикатори на позитивно или негативно однесување кај детето можат да бидат самите односи во семејството, дали кај детето се создава револт, гнев, отпор на дадените насоки, сугестии, ставови од страна на неговите претпоставени, а во случај на семејството тоа се родителите, или напротив, детето ги прифаќа сите насоки кои се пријателски кажани од нивна страна.

Многу често во семејствата родителите се во трка за пари, моќ, градат кариера, водат неколку приватни бизниси, преоптеретени се со работни обврски, сето тоа пропратено со немање време за еден неделен фамилијарен ручек, што доведува до помалку поминато време со своите деца во периодот на нивното детство, баш кога најмногу им се потребни за да ги усмерат во животот, а сето тоа води до нарушувања во нивниот семеен живот. Тоа немање време, недостатокот на комуникација помеѓу родителите и децата, брзиот начин на живот, трката за пари и многу други работи доведуваат до тоа децата сѐ повеќе да бидат препуштени сами на себе во изборот на своето однесување, не избирајќи средства како ќе дојдат до својата цел, што резултира со живот во нехармонични семејства, каде младите се несреќни од својот живот.

Ставот дека родителите се одговорни или на друг начин влијаат на позитивното или негативното однесување на нивните деца е проучуван уште од многу одамна. Античките Грци, Римјани, Кинези и други, ги разгледувале улогите на родителите, осигурувајќи се дека децата стануваат одговорни, продуктивни возрасни, кои го почитуваат законот.[56] Ова мислење за родителите важи и денес, можеби сега повеќе од

[55] Семејства со едно дете

[56] Marvin D. Krohn and Jodi Lane (2015). The Handbook of Juvenile - Delinquency and Juvenile Justice. John Wiley and Sons, стр.161

кој било момент од човековата историја. Големиот број на популарни книги за родители, медиуми и академски истражувања потврдуваат за длабочината и ширината на овој проблем. Иако литературата за родителство и малолетничка деликвенција е обемна, бројни анализи покажуваат дека одредени карактеристики на родителството се особено важни за разбирање на развојот на деликвентно и сродно однесување.

Покрај тоа, напредокот на нашата способност на индивидуално ниво, генетските маркери и физиолошки процеси, и на макрониво ефектите на соседството и заедницата, доведуваат до потемелен преглед на начинот на кој родителите влијаат на различното однесување кај младите.

2.1.4.Стилови на родителство

Литературата за развојот на детето и адолесцентот вклучува богат и значителен сет на студии за стиловите на родителство. Иако имало студии за различни аспекти на родителството, истражувањето станало доследно кога Дијана Баумринд (1967)[57] развила типологија на стилот на родителство. Врз основа на количината на поддршка и контрола, обезбедени од страна на родителите, Баумринд (1967) идентификувал четири родителски стилови: *авторитетен, авторитарен, попустлив и занемарлив.* [58]

- Авторитативните родители им нудат на своите деца високо ниво на приврзана поддршка и контрола преку надзор над активностите и одржување на постојан и благ дисциплински стил. Тие бараат и обезбедуваат јасни правила и насоки, но исто така се одговорни, топли и нудат редовни пофалби.
- Авторитарните родители имаат висока контрола, но ниска поддршка. Тие внимателно ги надгледуваат активностите на своите деца, но нудат малку пофалби и топлина.

[57] Baumrind, D. (1967). Child care practices anteceding three patterns of preschool behavior.Genetic Psychology Monographs

[58] Marvin D. Krohn and Jodi Lane . (2015), The Handbook of Juvenile - Delinquency and Juvenile Justice. John Wiley and Sons, стр.166

- Попустливите родители се силно поддржувачки, но тие не даваат многу насоки или дисциплина и се занимаваат со релативно ниско ниво на надзор.
- Конечно, занемарливите родители нудат мала поддршка и не даваат насоки, правила или следење.

Предноста на родителскиот стил е тоа што комбинира два важни аспекта на родителството, наместо да се обидува да изолира еден концепт како поважен од друг. Попустливото и занемарливото родителство ги става адолесцентите во најголем ризик од деликвенција, иако бројните анализи сугерираат дека занемарувањето е посилен предиктор отколку попустливоста, и тоа доведува до посериозно долгорочно вклучување во деликвенција. Напротив, авторитативното родителство е поврзано со релативно низок ризик од деликвенција. Интересно е што дури и еден авторитетен родител може да биде доволно за да се намали ризикот од деликвенција.

2.1.5. Фактори кои влијаат на односот родителство - деликвенција во едно семејство

2.1.5.1. Одбивање на родителите

Иако постојат разлики, сепак слично на занемарливиот стил на родителство е одбивањето на родителите. Рамнодушноста кон детето обично претставува занемарување, додека не само недостатокот на љубов или наклонетост, туку и отсуството на поддршка и отворено покажување непријателство, претставува отфрлање на родителите.

Да се биде премногу критичен кон адолесцентот, да се покаже незадоволство и постојано да се отфрлаат неговите ставови, се исто така индикатори за одбивање на родителите. Со оглед на истражувањето за стилот на родителство, не е изненадувачки што одбивањето на родителите е позитивно поврзано со деликвенцијата. Покрај тоа,

одбивањето на родителите може да биде особено акутно ако се појави на рана возраст.[59]

2.1.5.2. Следење, надзор и откривање

Еден од најшироко проучените аспекти на родителството и однесувањето на децата вклучува следење и надзор. Овие близначки концепти, иако понекогаш се разликуваат, се однесуваат на тоа дали родителите знаат што прават нивните деца и со кого се дружат. Ова може да вклучува знаење каде се децата по училиште или за време на викендите; или кој им доаѓа во домот кога родителите се отсутни. Надгледувањето на локацијата и однесувањето на адолесцентите е меѓу најефикасните ублажувачи на ризикот од деликвенција.

Подоброто следење од страна на родителите ја намалува веројатноста за деликвенција и други адолесцентни проблеми. Покрај тоа, подобриот надзор може да доведе до помал ризик од деликвенција затоа што го ослабува учеството со девијантни врсници.[60] Сепак, некои родители го зголемуваат своето следење и контролирање на своите деца како одговор на нивното лошо однесување, па така родителите можат активно да го следат однесувањето на своите деца поставувајќи прашања, барајќи редовни телефонски повици или контактирајќи со родители на пријатели, додека мал број од адолесцентите слободно ги откриваат своите активности на своите родители. Сепак, младите кои се занимаваат со деликвенција или друго лошо однесување имаат помала веројатност доброволно да им ги соопштат своите дневни активности на родителите.

[59] Marvin D. Krohn and Jodi Lane (2015). The Handbook of Juvenile - Delinquency and Juvenile Justice. John Wiley and Sons, стр.167

[60] Keijsers, L., Branje, S., Hawk, S., Schwartz, S.J., Frijns, T., Koot, H., van Lier, P., & Meeus, W. (2012). Forbidden friends as forbidden fruit: Parental supervision of friendships, contact with deviant peers, and adolescent delinquency. Child Development.

2.1.5.3. Психолошка контрола

Во многу истражувања за деликвенцијата честопати се користеле различни аспекти на директни и индиректни родителски контроли, вклучително и надзор и дисциплински практики. Во согласност со практиката на стиловите на родителство, овие видови активности често се категоризираат како авторитативни, авторитарни и со контроли во однесувањето. Релативно недоволно проучен аспект на родителството е психолошка контрола .[61] Овој вид на родителска контрола вклучува манипулација и упад во психата на адолесцентот, вклучително и обиди да се ограничи нивната способност да разговараат за важни работи, не одобрувајќи го нивното гледиште или манипулирајќи со нивните проценки.[62]

Неколку студии што ги испитале ефектите на психолошката контрола врз деликвенцијата или агресивното однесување откриле позитивна асоцијација, додека некои истражувања покажуваат дека контролите во однесувањето, како што се дисциплината и следењето, се поважни предиктори за деликвентно однесување, додека психолошката контрола е посилно поврзана со внатрешните проблеми, како што се депресија и анксиозност. [63]

2.1.5.4. Квалитет на врската родител - дете

Емотивната врска помеѓу родителите и децата, односно родителско однесување и лошото однесување кај децата кои се адолесценти привлекува големо внимание. Посебните квалитети на приврзаност, како што се родителска поддршка, приврзаност, позитивна комуникација и пофалби, се многу значајни во врската помеѓу родителот и

[61] Bean, R.A., Barber, B.K., & Crane, D.R. (2006). Parental support, behavioral control, and psychological control among African American youth. Journal of Family Issues

[62] Marvin D. Krohn and Jodi Lane (2015). The Handbook of Juvenile - Delinquency and Juvenile Justice. John Wiley and Sons, стр.168

[63] Marvin D. Krohn and Jodi Lane (2015). The Handbook of Juvenile - Delinquency and Juvenile Justice. John Wiley and Sons, стр.168

детето. Приврзаноста и пофалбите се две од карактеристиките што Баумринд (1967) ги користел за да ги дефинира четирите стилови на родителство.

Адолесцентите кои имаат посилни приврзани односи со своите родители и доживуваат родителска топлина и пофалби, имаат помала веројатност да бидат вклучени во деликвентни активности.[64] Тие исто така се со помала веројатност да бидат стигматизирани од деликвентна етикета или да се дружат со деликвентни врсници. Покрај тоа, индикаторите за лоши односи родител - дете, како што се конфликти и расправии, предвидуваат поголема вмешаност во деликвенција.[65] Постојат контрадикторни докази, во врска со тоа дали другите аспекти на родителството, како што се набудувањето и дисциплинскиот стил, ги намалуваат или на друг начин делуваат во прилог на деликвенција .[66]

2.1.5.5. Стрес од родителите

Постојат неколку карактеристики на родителството, поврзани со семејството, кои се стресни, како што се: малтретирање, семеен конфликт, физичко казнување, одбивање на родителите и психолошка контрола. [67] Секојдневни проблеми, живеење во ризични средини, проблеми со менталното здравје, како на пример, депресија, недостаток на социјална поддршка, финансиска несигурност или други стресни настани во животот, искусени од родителите, се дел од причините кои можат да го индицираат стресот. Кога родителите се соочуваат со значителен стрес, вештините за одгледување на нивното дете имаат тенденција да страдаат, дисциплината може да стане непостојана или премногу остра, а генералниот квалитет на нивниот однос со нивните деца често се намалува.

[64] McCord, J. (1991). Family relationships, juvenile delinquency, and adult crime. Criminology.

[65] Fagan, A.A., Van Horn, M.J., Antaramian, S., & Hawkins, J.D. (2011). How do families matter? Age and gender differences in family influences on delinquency and drug use. Youth Violence and Juvenile Justice

[66] Marvin D. Krohn and Jodi Lane . (2015), The Handbook of Juvenile - Delinquency and Juvenile Justice. John Wiley and Sons, стр.168

[67] Deater-Deckard, K. (2004). Parenting Stress. New Haven, CT: Yale University Press

Има директни и индиректни ефекти на родителскиот стрес врз деликвенцијата и другите лоши однесувања. Стресните животни искуства кај мајките и татковците доведуваат до поголем ризик да се доживеат депресивни симптоми, полоша дисциплина и повеќе девијантни активности кај адолесцентите.[68] Моделот на патека покажа дека и мајчиниот и татковскиот стрес доведуваат до попроблематично родителство, што, пак, го зголемува ризикот од деликвентно однесување. [69]

2.1.5.6. Антисоцијално однесување на родителите

Родителите со антисоцијално и криминално однесување се поврзани со поголем ризик од проблеми со потомството, кое вклучува потешкотии во училиште, одложувања во развојот и деликвентно однесување.[70] Ова тврдење опстојува многу години, што наведува многу набудувачи да тврдат дека криминалното и деликвентното однесување се наследни склоности.

Иако постои одреден степен на меѓугенерациско пренесување на овие однесувања, се чини дека тоа е делумно условено од односот што младите го имаат со родителите - вклучувајќи го и нивното присуство за време на детството, како и стилот на родителство што се користи во семејството.[71] Интергенерациското пренесување е поверојатно кога родителите се отсутни или нивното присуство е најизменично, кога се занемарливи или кога имаат мала приврзаност кон своите деца. Покрај тоа, позитивната поврзаност помеѓу родителскиот затвор и деликвенцијата и криминалот меѓу потомството делумно се должи на траумата на разделба и други адолесцентни

[68] Conger, R.D., Patterson, G.R., & Ge, X. (1995). It takes two to replicate: A mediational model for the impact of parents' stress on adolescent adjustment. Child Development

[69] Marvin D. Krohn and Jodi Lane . (2015). The Handbook of Juvenile - Delinquency and Juvenile Justice. John Wiley and Sons, стр.169

[70] Bijleveld, C.J.H., & Wijkman, M. (2009). Intergenerational continuity in convictions: A fivegeneration study. Criminal Behaviour and Mental Health

[71] Farrington, D.P., Coid, J.W., & Murray, J. (2009). Family factors in the intergenerational transmission of offending. Criminal Behaviour and Mental Health

ризични фактори кои произлегуваат од отсуство на родителите (на пример, слаб надзор на родителите).[72]

2.1.5.7. Семејна структура

Прашање кое често се поставува во истражувањата е дали младите од семејства со двајца родители се изложени на намален ризик од деликвенција, од оние што живеат во други семејни ситуации, како на пример, семејства на самохрани родители или родители со деца од претходен брак.

Адолесцентите од семејства со самохран/а татко/мајка или оние кои не живеат со ниту еден родител се изложени на особено висок ризик од деликвенција, употреба на дрога и други проблематични однесувања. Исто така, ризикот од деликвенција има тенденција да се зголемува со почести транзиции во семејната структура, како на пример, кога родителот постојано се мажи и се разделува.

Само структурата на семејството не може да биде доволен предиктор за однесувањето и проблемите со адолесцентите, туку и разнишаната семејна атмосфера, конфликтите во домот или слабата приврзаност родител - дете влијае на појавата на деликвенција. Всушност, адолесценти со двајца родители, семејства со висок конфликт или со оженети родители кои вршат асоцијално однесување, се повеќе склони кон деликвенција отколку оние што живеат во семејства со самохран родител, па се чини дека семејните процеси се поважни предиктори за лошото однесување на адолесцентите, отколку само семејната структура.

2.1.5.8.Заедница

Живеењето во населбите каде што има значителен меѓучовечки конфликт или насилство резултира со зголемен стрес во семејството, што може да значи дека

[72] Marvin D. Krohn and Jodi Lane (2015). The Handbook of Juvenile - Delinquency and Juvenile Justice. John Wiley and Sons, стр.169

родителството може да биде отежнато повеќе или помалку од социјалното опкружување во кое се одвива. Повеќе проблеми во домот, помалку родителски надзор и зголемена веројатност за непостојана или остра дисциплина имаат семејствата што живеат во конфликтни или сиромашни населби.

Семејството не е изолирано од неговиот поширок социјален контекст. Треба да се земе предвид како живеењето во сиромашно или насилно соседство влијае врз родителството, а тоа индиректно влијае на ризикот од деликвенција бидејќи во позадина се вклучени многу фактори за појава на деликвенцијата, вклучувајќи ги и условите на соседството во кое се јавува.

2.1.5.9.Теории

2.1.5.9.1.Теорија на приврзаност

Теоријата на приврзаност ја вклучува поврзаноста помеѓу родителството и однесувањето на детето. Овој модел се фокусира на раната емотивна врска што се создава помеѓу родителите - главно мајките и малите деца. Ако мајките се во можност рано да ја формираат оваа врска во животот на децата, тогаш се очекува децата да се развиваат нормално, со мал ризик од проблематично однесување подоцна во животот. Ако оваа емотивна врска не се развие добро, тогаш децата се изложени на ризик од емоционални проблеми во текот на животот.

Џон Боулби е поборник на оваа теорија, кој верува дека врските мајка - дете се биолошки засновани на човечката еволуција, и истите служат за заштита на новороденчињата од штета и ја формираат основата за сите последователни врски што ќе ги доживеат децата кога ќе пораснат.

Теоријата на приврзаност има силно, иако често индиректно влијание врз другите пристапи кон разбирање на родителството и деликвенцијата. На пример, стиловите на родителство на Баумринд се засноваа индиректно на теоријата на приврзаност бидејќи врската родител - дете е клучна емоционална врска и јасното и

разумно водство и надзор треба да ја зголемат приврзаноста помеѓу родителите и адолесцентите. Слично на тоа, отфрлањето на родителите очигледно е во спротивност со развојот на соодветна приврзаност со детето и се покажува дека тоа доведува до проблематично однесување подоцна во животот. Сепак, теоријата на приврзаност може да не понуди целосна слика за тоа како родителството и другите односи, како што се односите со врсници или браќа и сестри, влијаат на деликвенцијата, ниту, пак, ги зема предвид генетските влијанија врз однесувањето, што можат да влијаат на нивото на приврзаност што следува во семејната единица.[73]

2.1.5.9.2.Контролни теории

На Теоријата на приврзаност социолошки аналогна е Теоријата на социјално поврзување, која се фокусира на приврзаност што се формира во семејството и во училиштата, вклучувањето во конвенционални активности, обврски што ги прават адолесцентите и верувањата што ги имаат за нормите на општеството.

Условите што ја намалуваат веројатноста за деликвентно однесување се создаваат кога родителите инвестираат во своите деца преку развивање на пријатна и силна приврзаност и ги социјализираат да веруваат во моралниот поредок на општеството. Се одобрува идејата дека родителското следење и соодветната постојана дисциплина од рана возраст е можеби најефективниот метод за спречување на идно деликвентно и криминално однесување.

Теоријата на социјални врски може да биде насочена, повикувајќи се на концептот на самоконтрола: „диференцијалната тенденција на луѓето да избегнуваат кривични дела без оглед на околностите во кои се наоѓаат“. Па така поединците со висока самоконтрола имаат тенденција да имаат добри социјални вештини, да се способни да го одложат задоволството и да имаат барем малку емпатија. Оние што имаат ниска самоконтрола се импулсивни, егоцентрични и нечувствителни, бидејќи во природата на повеќето деликвентни и криминални дела е да бараат непосредно задоволување или постигнување на краткорочни цели.

[73] Marvin D. Krohn and Jodi Lane (2015). The Handbook of Juvenile - Delinquency and Juvenile Justice. John Wiley and Sons, стр.171

Изворот на ниска самоконтрола е неуспехот на родителите да го следат и соодветно да го казнуваат несоодветното однесување во почетокот на животот на своето дете. Оние деца кои не се коригирани за таквото нивно однесување, не развиваат соодветна самоконтрола, со што се подложни на ризик за подоцнежна деликвенција и штом тоа ќе се случи, тешко е да се измени подоцна во животот.

2.1.5.9.3.Теории за социјално учење

Искуствата што ги имаат луѓето во текот на целиот свој живот се изучувани од теориите за учење. Учењето може да се случи рано во текот на животот, но може да се случи и во кое било време од животот.

Иако постојат неколку теории на учење, што може да се користат за да се објасни поврзаноста помеѓу родителството и деликвенцијата, овде се дискутира за две од поистакнатите: Моделот на социјално учење на Роналд Акерс и Моделот на присила на Гералд Патерсон.[74]

Моделот на Акерс се фокусира на:

- норми, вредности и ставови што луѓето се обидуваат да ги прифатат;
- зајакнување на нормите, вредностите и ставовите што се случува додека луѓето имаат релевантни искуства или комуницираат со други;
- набљудување и имитирање на однесувањето на другите;
- директни асоцијации што некој ги има со другите.

Меѓу најважните асоцијации во животот на децата се родителите и поголемиот дел од нивното рано учење се случува во домот. Ако родителите им дадат примери на однесување да го почитуваат законот, ако им всадат конвенционални вредности и норми, тогаш деликвенцијата станува помалку веројатна, меѓутоа ако дадат примери за незаконско однесување, ако не успеат да ги научат децата да го почитуваат законот и ако не зајакнат соодветни активности, тогаш деликвенцијата кај децата станува поверојатна. Оние родителите кои се занемарливи, одбиваат да комуницираат со

[74] Marvin D. Krohn and Jodi Lane (2015). The Handbook of Juvenile - Delinquency and Juvenile Justice. John Wiley and Sons, стр.172

своите деца, физички се навредуваат или прават асоцијални дејства, ќе ги научат своите потомци дека ова се соодветни начини за интеракција со другите.

Теоријата на принуда на Гералд Патерсон примарно се однесува на искуствата за раната социјализација, од која најважни аспекти се стават на тоа како родителите ги социјализираат своите деца, користејќи или избегнувјќи присилна интеракција на стилови.

Употребата на груби, непријателски вербални или физички сигнали во обид да се добие соработка од друг, претставува принудната интеракција, а како пример се зема кога родителот употребува груб јазик за да го натера детето да се однесува на одреден начин, што е во спротивност со користењето на топлина и размислување за да се натера детето да соработува.

На пример, во некои семејства родителите разговараат со децата на висок тон или користат физички средства за да ги натераат децата да се покоруваат. Тие исто така можат да користат психолошка контрола наместо авторитетни средства за дисциплинирање на децата и имаат тенденција да бидат лабави во следењето на однесувањето на децата. Па согласно однесуваањето на своите родители, нивните деца учат дека агресијата, принудата и манипулацијата се соодветни стилови на интеракција. Следствено, младите обично го следат овој стил на интеракција и надвор од домот во нивните односи со врсниците, наставниците и другите лица и на тој начин се продолжува тој циклус на проблематично однесување и интеракции, што го зголемува ризикот од деликвенција за време на адолесценцијата.

2.1.5.10.Заклучни согледувања за семејството како фактор

Нуклеарното модерно семејство го доживува својот „златен период“ во средината на дваесеттиот век. Стабилна брачна врска, поделба на улогите помеѓу родовите, голема грижа за децата, изолирање на нуклеарното семејство од поширокиот

круг на роднини, се делови на кои се темели семејниот модел и кој е присутен во сите западни земји.[75]

Функционалната концепција за семејството на Парсонс е демантирана од реалниот живот, од промените во семејството што се случуваат во сите европски земји во втората половина на дваесеттиот век. Според најголем број автори, динамиката, карактерот и длабочината на овие промени имаат карактер на вистински „земјотрес“, кој доведе до тектонски пореметувања во сите базични односи во бракот и во семејството. Во сите развиени европски земји се случуваат исти промени: се зголемува бројот на разводите на брак, се намалува бројот на склучени бракови, се намалува стапката на наталитет, се зголемува бројот на вонбрачни заедници и процентот на деца родени надвор од брак, се зголемува бројот на монородителски и на рекомпонирани семејства, се зголемува процентот на жени што се вработени и драматично се намалува стапката на наталитетот.[76]

Неконзистентна и премногу сурова дисциплина, физичко малтретирање, занемарување или одбивање на родителство, недостаток на надзор, студени или непријателски односи во семејството и родителско асоцијално однесување ги стават адолесцентите во зголемен ризик од деликвенција и други лошо препорачани резултати. Но, сè уште не разбирам зошто ова е така, па се поставуваат прашањата:

- Дали лошите луѓе стануваат лоши родители, а лошите родители имаат лоши деца?
- Дали крајниот извор на лоши луѓе што стануваат лоши родители се наоѓа во генетиката на човечкото тело и физиолошките процеси врз кои тие влијаат?
- Дали лошото родителство е главно последица на искуствата од социјализацијата и еколошкиот контекст во кој се јавуваат?

Во обид да се даде одговор на овие прашања и на многу други, но најбитно кои се основните причини за дестабилизација на модерното семејство, во преден план се стават променетите економски односи, промена во функциите на семејството, новата

[75] Тоа семејство создава чувство на сигурност кај членовите, јасно им се определени улогите, мажите се грижеа за обезбедување на материјалните услови за живот во семејството, додека жените ја имаа улогата на добри сопруги, мајки и домаќинки,а децата беа послушни. Љубовта беше основа на бракот, а во семејството владееја блиски емотивни односи помеѓу брачните другари.
[76] Мицковиќ. Д., Ристов. А. (2015). Семејно право, Стоби трејд, Скопје, стр.49-50

положба на децата во семејството, трансформации во односите помеѓу половите, остварување на правна, економска и социјална рамноправност на жената и други.

Ставот на поединецот, заедно со неговите потреби, интереси и желби, и во преден план индивидуализмот, се сметаат за едни од главните причини за менување на семејството и начинот на кој тоа функционира. Смислата и значењето на животот поединецот не го бара во почитување на авторитетите, како црквата, семејството или заедницата, што се дел од карактеристиките на традиционалното општество, туку во остварувањето на личната среќа и задоволство. Поради големите очекувања од брачната врска, многу е тешко да се оствари успешна и трајна заедница.

Новите сфаќања за бракот и за неговите основни карактеристики придонесоа за зголемување на бројот на разводите, тенденција која е присутна во сите западни земји. Од една страна се намалуваат општествените притисоци за останување во брак, поради намаленото влијание на религијата, еволуцијата на етичките и моралните норми, како и поради економското осамостојување на жените, кои масовно се вработуваат. Од друга страна, индивидуалистичкиот карактер на општеството и трансформирањето на бракот во заедница за задоволување на психолошките и емотивните потреби на брачните партнери, резултираше со отфрлање на концептот за стабилност и трајност на брачната врска. Според Бадинтер, современиот брачен пар денес ја прифаќа идеологијата - сè или ништо, така што современите брачни другари сметат дека е подобро да направат повеќе обиди за да реализираат една идеална зедница, отколку да прифатат доживотен компромис.[77]

На крајот на краиштата, се чини очигледно дека развојот на родителските вештини се заснова на најбитните работи, а тоа се семејството и училиштето. Врската помеѓу родителството и деликвенцијата вклучува одредено сложено дејство помеѓу сите овие искуства и услови. Физиолошките, меѓучовечките и контекстуалните карактеристики во текот на животот помеѓу родителите и децата се предизвикувачки, но може да бидат единствениот начин за целосно разбирање на начините на кои родителството влијае на деликвенцијата.

[77] Мицковиќ.Д., Ристов.А. (2015). Семејно право, Стоби трејд, Скопје, стр.53

2.2.Образованието како фактор

Во синџирот со фактори и актери во социјализацијата на децата следна алка е образованието, кое ќе биде претставено главно преку училиштето, но и преку други форми на предучилишно или вонучилишно образование, како градинки, спортски активности, негување таленти и вештини кај детето и слично. Училишните ефекти врз малолетничката деликвенцијата главно се согледуваат во мултилевелна рамка, на пример, индивидуа, семејство, училиште, заедница и социјални структурни објаснувања.

Училиштето е следна социјална средина во која детето продолжува со својот развој, паралелно со својот развој во семејството. Таму децата за првпат осознаваат нешта за кои немале можност да ги дознаат во склоп на семејството, добиваат можност да се воспитуваат и образуваат, таму стекнуваат ментални и физички способности, учат за разбирање, за социјални вредности, за толеранција, недискриминација, инклузивност, можност да остваруваат социјални контакти. Таму учат и да се дружат со своите врсници, да се споредуваат со нив и притоа да доживеат задоволство или фрустрација, да можат да ги разбираат различностите кај децата.

Влијанието на образованието е конструктивно врз однесувањето на децата, но во зависност од тоа колку е вклопено детето и дали и колку е прифатено од другите врсници, неговите соученици, неговиот постигнат успех, училиштето може да придонесе за појава на деликвентно однесување. Ова би било случај кога кај детето се појавува ниско ниво на образование, лоши резултати, непосетување настава или отпишување од училиште (поради разни причини, како сиромаштија во семејството и напуштање на училиштето или слаби училишни резултати поради неадаптираност кон степенот на образование или начинот на предавање и ангажирање и сл.). Од друга страна, квалитетот на образованието и недостигот на воспитната улога на училиштата се дополнителен фактор. Училиштето треба да дејствува како надополнување на неисполнетите функции на семејството, во смисла на изградба на правилен систем на

вредности, здрави навики, воспитание и лична хигиена, почит и одговорност кон училишните обврски.[78]

Покрај образованието во училиште, многу се битни и активностите на детето после училиште, како тоа го исполнува своето време и кој придонес го имаат тие активности за развојот и образованието на детето. Една од основите за заштита и превенција од престапништво се смета образованието, како и влијанието на заедницата и семејството.

Оние родители кои имаат високо образование и кои имаат позитивен став кон образованието може да претставуваат заштитен фактор и да ги усмеруваат и мотивираат своите деца во текот на нивното образование. Доколку е обезбедена сигурна средина за децата и квалитетен однос помеѓу нив и наставникот, преку креирање на интересна, остварлива и стимулативна средина за наобразба, училиштето ќе претставува заштитен фактор. На тој начин ученикот ќе се чувствува прифатен во училишната средина, додека децата кои имаат лоши резултати и лошо поведение, ќе бараат „прифаќање“ во други опкружувања.

Покрај училиштето, многу е важно и времето кое самото дете го поминува во другиот дел од денот, кога не е на училиште, ниту е заедно со своето семејство. Самото конструктивно и организирано минување на своето слободно време овозможува учење, дружење со луѓе, воведување на рутина, развивање социјални вештини и одговорности, учество во тимска работа, во мултикултурна средина и слично. Сите овие активности му овозможуваат на детето социјализација со своите врсници, но и со возрасните луѓе.

Во изминатата деценија родителите, креаторите на политиките и училишните службеници имаат посветено сè поголемо внимание на училишниот криминал. Проблемот со училишниот криминал добива национално значење поради екстремни инциденти на училишно насилство.

Дефинициите[79] за криминал во училиштата се движат од разгледување на каква било закана или кражба како кривично дело, до разгледување само насилни напади кои

[78] Лажетиќ-Бужаровска, Г., Нанев, Л., Кошевалиска, О. (2015). Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот, Скопје, стр.69

[79] Направени се обиди за стандардизирање на дефинициите. Додека нема упатства на национално ниво за собирање податоци за училишен криминал, во моментов постојат широко прифатени дефиниции за училишен криминал. Работната група за криминал, насилство и дисциплина создадена од Националниот форум за статистика на образованието во 1995 година на Америка, развија дефиниции и протокол за

се пријавени во полиција како кривични дела. Тие, исто така, се разликуваат во зависност од тоа дали се сметаат или не се сметаат злосторствата извршени врз деца на патот кон училиште или на училишните игралишта, како и во училишните згради. Тие се разликуваат и по тоа дали кривичните дела се сметаат само за време на училишните часови, или, исто така, пред и по училиште.[80]

Денес младите, без оглед на полот, социјалното потекло или земјата на живеење, се предмет на индивидуални ризици, но исто така им се даваат нови индивидуални можности - некои корисни, а некои потенцијално штетни. Мошне често се искористуваат нелегалните можности бидејќи младите прават разни прекршоци, стануваат зависни од дрога и користат насилство врз своите врсници. [81]

2.2.1.Влијанија на индивидуално ниво

Училиштата обезбедуваат централно место за олеснување или обесхрабрување на социјалното поврзување. Оние со слаби академски или меѓучовечки вештини може да доживеат неуспех и отуѓување на училиште. Можеби нема да бидат приврзани за училиштето затоа што нивните социјални интеракции биле непопустливи. Можеби нема да се посветат на образовните цели затоа што сметаат дека се нереални. Можеби нема да се вклучат во конвенционални општествени активности или затоа што немаат значајни активности или им е забранет пристап. Можеби не веруваат во конвенционални правила затоа што не ги согледуваат сегашните или идните награди за усогласеност. [82]

Собирање податоци за училишен криминал и насилство. Препорачува училишниот криминал да биде вклучен во: инциденти што се случуваат на училишна основа, на училишен превоз или на настани спонзорирани од училиштата надвор од кампусот; инциденти со алкохол, дрога или оружје; инциденти со банда; Инциденти мотивирани од криминал од омраза; и сите инциденти пријавени во агенциите за спроведување на законот. Подетално во: Joan McCord, Cathy Spatz Widom, Melissa I. Bamba, and Nancy A. Crowell,(2000)Education and delinquency-Summary of a workshop.National research council. стр.4

[80]Joan McCord, Cathy Spatz Widom, Melissa I.Bamba, and Nancy A. Crowell (2000). Education and delinquency-Summary of a workshop.National research council. Стр.4

[81] World YOUTH Report 2003 - The global situation of young people (2004). United Nations publication,Стр.189

[82] Marvin D. Krohn and Jodi Lane (2015). The Handbook of Juvenile - Delinquency and Juvenile Justice. John Wiley and Sons, стр.181

Социјалното поврзување се јавува и преку семејството и врсниците. Постои врска помеѓу нискиот социо-економски статус и асоцијалното однесување, но оваа врска е во голема мерка посредувана од практиките на семејната социјализација.[83] Додека дружењето со врсниците деликвенти постојано предвидува деликвентно однесување, веројатноста за извршување прекршоци со другите стабилно се намалува со возраста. Дружењето со деликвентни врсници има тенденција да се зголемува, но деликвентите, исто така, се со поголема веројатност да бидат одбиени од нивните врсници и да бараат членство во банда, што дополнително ги намалува нивните можности за неделиквентни здруженија на врсници. Структурните непогодности имаат тенденција да ги намалуваат просоцијалните врски, и овие фактори доведуваат до зголемено учество во деликвенцијата, како и до повисоки нивоа на стрес, а сето тоа ја зголемува веројатноста за влез во младинска банда.

2.2.2.Влијанија на ниво на училницата

Два фактори кои постојано се поврзани со деликвенцијата во училницата се: висок износ на казна и низок износ на пофалби дадени од наставниците на час. Доколку имаме позитивни интеракции во училницата, тоа придонесува за помалку насилно навредување, но не и за повредување на имотот.[84] Ако има посилен фокус во училницата, односно стварање на ред и дисциплина од страна на наставникот, тоа значително предвидува помало повредување на имотот, но не и насилно навредување. Слично на тоа, во училиштата со поголем перципиран број наставници со позитивно однесување во наставата, има значително помалку нарушувачко однесување и намерно оштетување на имотот. Спротивно на тоа, значително пореметувачко однесување, насилна виктимизација и намерно оштетување на имотот има во училиштата со поголем број строги наставници.

[83] на пример: вештини за управување со родители
[84]Како на пример: кражби, разбојништво

2.2.3.Училишна клима

Училиштата имаат свои карактеристични особини, исто како што имаат и поединците. Училишната клима вклучува фактори како што се обрасците на комуникација, нормите за тоа што е соодветно однесување и како треба да се прават работите, односите во улогата и перцепцијата на улогата, моделите на влијание и сместување и наградите и санкции. Училиштата каде што учениците согледуваат поголема правичност и јасност на правилата, имаат пониски стапки на деликвентно однесување и виктимизација на учениците, иако правичноста и јасноста на правилата не влијаат врз виктимизацијата на наставниците. Училиштата со попозитивна психосоцијална клима во целина имаат пониски вредности на виктимизација на наставниците, но оваа општа мерка за училишната клима не влијае врз виктимизацијата на учениците или деликвентното однесување.[85]

Мрежата на возрасни што редовно комуницираат со учениците и ги споделуваат нормите и очекувањата за нивните ученици, генерално е поврзано со пониските нивоа на однесување со проблемите. Организацијата на училиштето се однесува на поддржувачки односи помеѓу:

- наставниците, администраторите и учениците;
- заеднички збир на цели и норми;
- чувство на соработка и вклученост.

Организираните училишта имаат тенденција да доживуваат помалку нарушувања, а врската помеѓу комуналното училишно организирање и училишното нарушување е делумно посредувана од ученичкото поврзување.

2.2.4.Рутински активности

Постојат истражувања за тоа како физичкото и социјалното опкружување на училиштето може да влијае на однесувањето на самите ученици. Принципите на

[85] Marvin D. Krohn and Jodi Lane (2015). The Handbook of Juvenile - Delinquency and Juvenile Justice. John Wiley and Sons, стр.183

спречување на криминал преку дизајн на животната средина можат да помогнат, при што можното влијание на околината се категоризира во четири механизми:[86]

- дизајн на просторот;
- употреба на просторот и обрасци на циркулација;
- територијални карактеристики; и
- физичко влошување.

За да се добијат пониски стапки на насилство во едно училиште, потребно е да бидат обезбедени повеќе услови, како на пример: позитивни односи со наставниците; свесност на учениците за училишните правила; перцепцијата на правичност; перцепција на учениците за „сопственоста“ на нивното училиште; позитивно опкружување во училница; училиште фокусирано на разбирање на учениците; присуство на интервенции во училишната безбедност насочени кон подобрување на училишното физичко опкружување и друго.

2.2.5. Влијанија во заедницата

Училиштата се дизајнирани да ги промовираат постигањата на учениците и здравиот развој и во најголем дел се успешни во создавањето на стимулативна средина. Училиштата играат суштинска улога во образованието, дружењето, подготвувајќи ги децата за нивните улоги како возрасни во светот кој постојано се менува. Познато е дека посветеноста на учениците на училиште и учењето придонесува за нивниот академски успех и функционираат како заштитни фактори од многу проблеми со однесувањето. Некои училишта се сериозно хендикепирани во нивната способност успешно да ги поттикнуваат врските со училиштето и учењето. Важно е да се запамети дека училиштата работат во комплексен социјален контекст, карактеризиран во многу случаи со ограничени ресурси. Готфредсон (1997)[87] забележал:[88]

[86] Marvin D. Krohn and Jodi Lane (2015). The Handbook of Juvenile - Delinquency and Juvenile Justice. John Wiley and Sons, стр.183

[87] Gottfredson,D.C. (1997). School-based crime prevention. Pp. 5-1 to 5-74 in L.W. Sherman, D.C. Gottfredson, D. MacKenzie, J. Eck, P. Reuter, and S. Bushway, eds., Preventing Crime: What Works, What Doesn't, What's Promising: A Report to the United States Congress. Washington, DC: U.S. Department of Justice

- „Убедливо најсилните корелати на училишното нарушување се карактеристиките на населението и контекстите на заедницата во кои се наоѓаат училиштата. Во училиштата во сиромашните, неорганизирани заедници се случуваат повеќе нарушувања отколку во другите училишта. Истражувањата исто така покажаа дека во овие училишта има послаби ресурси, потребни за спроведување и одржување на училишните напори за подобрување - лидерство, морал на наставниците, мајсторство на наставниците, училишна клима.“

Сиромаштијата и невработеноста во заедницата што го опкружува училиштето честопати се поврзува со појава на училишна деликвенција. Одредени карактеристики на заедницата поврзани со насилството вклучуваат: концентрирана сиромаштија; нарушувања во семејството; висока мобилност на живеалиштата; промет на населението; висока густина во домувањето и населението; слаба локално-социјална организација, мала густина на пријатели и познаници; малку социјални ресурси; слаби меѓугенерациски врски во семејствата и заедниците; слаба контрола на улични - аголни групи; мало учество во настани и активности во заедницата. Со сигурност може да се каже дека влијанијата на заедницата се комбинираат со сиромаштијата и едни со други влијаат врз стапката на детското престапништво.

Во заедницата во која живее детето постојат ризични фактори кои влијаат на појавата на детското престапништво и тие може да бидат: низок економски развој, несигурно соседство, можности за сторување на криминал во заедницата, хронично насилство во заедницата, сиромаштија, низок степен на здравствена заштита, лош квалитет на домување, неможност на зедницата да се справи со сите овие проблеми, но од друга страна, заедницата може да биде заштитнички настроена кон децата и да ја дополни социјализирачката функција кај детето доколку недостасува во семејството или училиштето.

Сиромаштијата може да влијае на децата во нивните амбиции, подоцнежни однесувања, фрустрации и слично. Таа се манифестира преку глад, недохранетост, слабо здравје, лоши станбени услови, неможност да се заврши образованието,

[88]Joan McCord, Cathy Spatz Widom, Melissa I.Bamba, and Nancy A. Crowell (2000). Education and delinquency-Summary of a workshop.National research council. Стр.21-22

неможност да се задоволат потребите , и слично, односно состојба во која членовите на едно семејство ги немаат основните можности за еден достоинствен нормален живот.

Стереотипните размислувања дека децата од сиромашните семејства почесто манифестираат проблематично, асоцијално, па и криминално однесување, се демантирани, иако многу објавени истражувања укажуваат дека сиромаштијата во едно семејство не мора да значи појава на проблематично однесување кај децата. Сепак, се покажа дека сиромаштијата е најчест фактор за различни социјални проблеми, како што се проблеми во образование, финансии, невработеност, кои пак водат кон нарушено однесување кај децата.[89]

Со економската состојба во семејството, воедно и во општеството, се поврзува зголемувањето на бројот на деца со нарушено однесување. Недостигот на финансиски средства на едно семејство, а од друга страна поскапување на цените на продуктите, отпуштање од работа, намалување на плата или неисплаќање на истата, се работи кои доведуваат до депресија и разочарување кај некои лица, што влијае за појава на конфликтна атмосфера во семејствата со можност за појава на детско престапништво.

2.2.6. Влијание на врсниците

Врз правилниот развој кај детето, стекнувањето самодоверба и навики големо влијание има врсничката група. Најголем дел од своето време детето го поминува со своите врсници, што на училиште, што после училишните часови и тогаш е подложно на спецификите на детската култура, како основа за градење на морални односи и разликување на добро од зло.

Однесувањето на еден врсник има влијание спрема другите врсници во групата, како реакција, поддржување, одобрување или осуда, а со тоа се создаваат групните норми. Таквата интеракција помеѓу врсниците во една група може да произведе различни однесувања, како на пример: помагање, разбирање, поддршка, доверување,

[89] Лажетиќ-Бужаровска, Г., Нанев, Л., Кошевалиска, О. (2015). Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот, Скопје, стр.64

споделување, но и негативни однесувања, како на пример: насилство, малтретирање, омаловажување, деградирање, агресија.

Врсниците добиваат улога на своевиден „корективˮ на воспитанието што детето го добива во домот. Желбата на детето да биде прифатено од својата врсничка група и потребата да се поистоветува со доминантните членови на таа врсничка група се иманентни за младата личност во фазата на себепронаоѓање, изградба на систем на вредности и стекнување на самодоверба. Влијанието на врсничката група е особено изразено во услови на миграциони процеси поради кои детето се чувствува осамено, изолирано, чувствува страв и несигурност, а сето ова влијае врз неговите социјални вештини, контакти и комуникација.[90]

Поради фактот што членовите на деликвентната врсничка група го одобруваат деликвентното однесување, кое е различно од нормалното, правилно однесување, сметајќи го за начин да искажат револт кон нормите и правилата на општественото живеење и моралното поведение наметнати од возрасните, односно родителите, кои ги сметаат за здодевни норми, на тој начин сакаат да извршат негативно влијание преку инволвирање на своите членови во девијантни, деликвентни, инкриминирачки поведенија.

2.2.7.Заклучни согледувања за образованието како фактор

Потребно е на индивидуална, училишна и општествена основа да се разгледаат сите причини кои придонесуваат за појава на деликвенцијата кај младите. Иако училиштето и факторите на заедницата играат значајна улога во обликувањето на деликвенцијата, сепак и факторите на индивидуално ниво се чини дека нудат посилни објаснувања за појава на сериозната деликвенција.

Факторите на училишната клима најчесто придонесуваат за почестите, но помалку сериозни форми на лошо однесување на децата во училиштата, но сепак, внимателно испитување на училишната клима треба да биде вклучено во која било

[90] Лажетиќ-Бужаровска, Г., Нанев, Л., Кошевалиска, О. (2015). Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот, Скопје. Стр.71-72

програма базирана на училиште, наменета за намалување на насилството. Во отсуство на внимание поради училишните политики, што можат да придонесат за високи нивоа на нарушувања, напорите за промена на лицата веројатно ќе бидат контрапродуктивни. Стратегиите засновани во училиште, исто така, треба да се однесуваат на физички, еколошки и социјални фактори.

Сè уште нема совршена формула за тоа што треба да направат училиштата за да се намали деликвенцијата, но постои значително знаење за да се помогне во водењето на идните напори во борбата против малолетничката деликвенција. За да се подобри ефикасноста на политиките и програмите за превенција на деликвенции во училиштата, потребно е подобро разбирање за методите и процесите со кои се развиваат, усвојуваат, спроведуваат, проценуваат и управуваат интервенциите, со тоа што напредокот во борбата против деликвенцијата ќе бара поголема соработка помеѓу службените лица во училиштето, учениците и родителите.

2.3. Ендогени фактори

Семејството и образованието се од делот на егзогени – надворешни фактори за појава на детското престапништво, додека ендогените се внатрешни фактори. Факторите сами за себе не мора да претставуваат причина за појава на престапништво, но ако има неколку во комбинација, тогаш артикулирани преку индивидуалниот профил, можат кај некои деца да придонесат за појава на криминално однесување, а кај некои не.

Кај овие фактори се гледаат индивидуалните карактеристики на личноста на самото дете, кои влијаат на појавување на детско престапништво. Како ендогени фактори ги набројуваме: самата структура на личноста, тешкотии во емоционалното и социјалното созревање, проблеми поради преживеани стресови, фобии, недостиг на самопочит, агресивни манифестации, негативна идентификација, депресија, пасивност, желба за доминација, недоверба кон непознати, љубов или омраза, намалена комуникативност, ограничени интереси, несигурност, негативно влијание на врсниците, намалена контрола на половиот нагон, недоверливост, отсуство на вина, отсуство на срам, непочитување на авторитети и слично. Сите искуства кои детето ќе

ги стекне во детството се многу важни за неговиот развој во делот на интелигенцијата, личноста, но и во односот што ќе го има кон другите.

Во времето кога младите се трансформираат, односно во периодот на адолесценцијата, тие реагираат бурно, почнуваат да користат алкохол, експериментираат со ризици, пробуваат со пушење на цигари, дроги, сексуално однесување, каде сите овие елементи претставуваат ризици за младите кои не смеат да се занемарат, но, сепак, тоа може да биде од привремен карактер.

Развојот на единката подразбира процеси кои напредуваат кон нагорни квантитативни и квалитативни промени. Може да се идентификуваат три значајни аспекти на развојот:[91]

- Пораст на компетенциите на единката;
- Зголемување на хармонијата меѓу единките и средината;
- Пораст на чувството за својот сопствен индивидуалитет.

Во долгиот процес на проучување и истражување, се појавуваат повеќе прашања за поимот личност и кои се важните особини на нејзината активност. Постојат различни дефиниции во тој дел, врз основа на тоа што е примарно во равојот и формирањето кај личноста. Кај некои дефиниции како примарно нешто се навиките, кај други во фокусот се ставени мотивите и потребите, мотивационите способности, или биолошки и социјални карактеристики и слично.

Многубројноста на разните дефиниции е докажана во изреката на познатиот психолог Алпорт: „Изгледа дека секој знае што е личност, а никој не умее точно да ја опише - постојат стотина дефиниции“. Според суштинските определувања на поимот на личноста, многубројните дефиниции Алпорт ги вбројува во три класи: [92]

а) Надворешен ефект - каде ги вбројува дефинициите кои поаѓаат од влијанијата кои индивидуата ги прави на другите луѓе;

[91] Лажетиќ-Бужаровска, Г., Нанев, Л., Кошевалиска, О. (2015). Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот, Скопје, стр.75
[92] Лажетиќ-Бужаровска, Г., Нанев, Л., Кошевалиска, О. (2015). Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот, Скопје, стр.76

б) Внатрешен ефект - овде ги вбројува дефинициите кои поаѓаат од внатрешната интеграциона структура на важните својства на личноста, во кои ја вбројува и својата дефиниција;

в) Позитивистичките дефиниции – кои на поимот личност му приоѓаат од позитивистичките гледишта, и критикувајќи ги структурално-есенцијалистичките дефиниции, допуштајќи ги само надворешните, видливите допирливи операции.

Алпорт ја дава следната дефиниција: „Личноста е динамичка организација на оние психички системи внатре во индивидуата кои го определуваат нејзиното карактеристично однесување и нејзиниот карактеристичен начин на мислење“.

Во корелација со нашата личност е начинот на кој се однесуваме или реагираме на надворешните дразби. Единството на диференцијалните карактеристики, како интелигенција, карактер, темперамент и други особини, ја определуваат личноста, но покрај тие особини, определена улога имаат и социјалните фактори, особено социјалната средина. Појдовна основа при дефинирање на поимот личност треба да бидат особините, односно индивидуалните својства кои се развиле во определена средина во која личноста растела и се развивала.

III глава

III глава

3.Статистика за детско престапништво

Особините на личноста на детето кое е во судир со законот се специфичности, кои, пред сè, се гледаат кај детското престапништво, но и етиологијата и феноменологијата на детското престапништво заедно со мерките кои ги презема државата во делот на сузбивање и превенција од престапништво. Во следниот дел од текстот ќе ги разгледаме статистичките податоци, согласно статистиките објавени од Државниот завод за статистика .[93] Податоците ќе бидат прикажани во табели за периодот од 2018 до 2019 година.

Според податоците на Државниот завод за статистика, бројот на пријавените полнолетни лица – познати сторители во 2018 година е зголемен за 9.5 %, во споредба со 2017 година. Во 2018 година, во споредба со 2017 година, бројот на осудените полнолетни лица е намален за 6.6 %, а бројот на обвинетите лица, исто така, е намален за 8.1 %. Бројот на пријавените деца во судир со законот – сторители на кривични дела во 2018 година е намален за 4.15 %, во споредба со 2017 година. Во 2018 година, во споредба со 2017 година, бројот на осудените деца во судир со законот – сторители на кривични дела е намален за 10.3 %.

Во однос на деца кои сториле прекршок во 2017 година, констатирано е дека прекршок сториле 1029 деца, што е за 13% помалку од 2016 година, кога бројот на деца кои извршиле прекршок изнесувал 1185. Најголем број прекршоци се сторени на подрачјето на СВР Скопје (349), а најмал во СВР Струмица (73) и СВР Велес и СВР Тетово по 88 деца кои сториле прекршок.[94]

[93] www.stat.gov.mk посетено на 05.10.2020 година

[94] Годишен извештај за работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво и за состојбите во областа на павата на детето и детското престапништво во 2017 година

Табела 2: Пријавени деца во судир со законот според групите на кривичните дела и видот на одлуката

Т2-2018 година: Пријавени деца во судир со законот според групите на кривичните дела и видот на одлуката **Т2-2018: Reported children in conflict with the law by type of criminal offence and type of decision**					
	Вкупно Total	Поднесен предлог за изрекување казна/мерка Penalties prescribed	Постапката не е поведена No action taken	Подготвителната постапка е запрена Committal proceedings terminated	
Вкупно	554	318	158	78	**Total**
Кривични дела против животот и телото	60	36	17	7	Crimes against life and body
Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот	7	6	1	-	Crimes against the freedoms and rights of humans and citizens
Кривични дела против половата слобода и половиот морал	2	1	-	1	Crimes against sexual freedom and sexual morality
Кривични дела против бракот, семејството и младината	2	1	1	-	Crimes against marriage, family and youth

Кривични дела против здравјето на луѓето	20	12	7	1	Crimes against human health
Кривични дела против животната средина и природата	5	1	1	3	Crimes against the environment and nature
Кривични дела против имотот	356	201	100	55	Crimes against property
Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот	2	1	1	-	Crimes against the general safety of people and property
Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај	38	21	15	2	Crimes against traffic safety
Кривични дела против државата	1	1	-	-	Crimes against the state
Кривични дела против правниот сообраќај	1	1	-	-	Crimes against legal transactions
Кривични дела против јавниот ред	59	35	15	9	Crimes against the public order
Кривични дела против човечноста и меѓународното право	1	1	-	-	Crimes against the humanity and international law

Во Табела 2 се дадени податоци за пријавени деца во судир со законот, за 2018 година, поделени според групите на кривичните дела и видот на одлуката. За таа година имаме податок дека биле пријавени 554 деца, од кои за 158 постапката не е поведена, за 78 деца подготвителната постапка е запрена, а за остатокот е поднесен предлог за изрекување на казна, односно мерка. Од сите деца кои биле приведени, најголема е бројката за приведени деца за сторено кривично дело против имотот и тоа со бројка од 356 деца, од кои на 201 им бил поднесен предлог за изрекување на казна, за 100 од нив постапката не е поведена, а за 55 подготвителната постапка е запрена.

Табела 3: Осудени деца во судир со законот според групите на кривичните дела и изречените кривични санкции

Т3-2018 година: Осудени деца во судир со законот според групите на кривичните дела и изречените кривични санкции Т3-2018: Convicted children in conflict with the law by type of criminal offence and penalties						
	Вкупно Total	Деца на возраст од 14 до 16 години во судир со законот Children in conflict with the law aged 14 to 16 years				
		вкупно total	дисциплински мерки disciplinary measures	мерки на засилен надзор measures of intensified supervision	заводски мерки institutional measures	
Вкупно	**330**	**73**	**10**	**57**	**6**	**Total**
Кривични дела против животот и телото	44	11	1	10	-	Crimes against life and body
Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот	2	-	-	-	-	Crimes against the freedoms and rights of humans and citizens
Кривични дела против половата слобода	2	-	-	-	-	Crimes against sexual freedom and sexual

и половиот морал						morality
Кривични дела против здравјето на луѓето	10	-	-	-	-	Crimes against human health
Кривични дела против животната средина и природата	1	-	-	-	-	Crimes against the environment and nature
Кривични дела против имотот	188	47	4	39	4	Crimes against property
Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството	2	-	-	-	-	Crimes against public finances, payment operations and economy
Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот	2	-	-	-	-	Crimes against the general safety of people and property
Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај	25	8	4	4	-	Crimes against traffic safety
Кривични дела против правосудството	-	-	-	-	-	Crimes against the judiciary
Кривични дела против правниот сообраќај	1	-	-	-	-	Crimes against legal transactions
Кривични дела против јавниот ред	53	7	1	4	2	Crimes against the public order

Оваа табела дава слика за осудените деца во судир со законот, според групите на кривичните дела и изречените кривични санкции. Во истата е даден преглед на сторителите на кривични дела кои се малолетни од 14 до 16-годишна возраст. Според оваа табела, во 2018 година осудени лица од 14 до 16-годишна возраст има 330, од кои само на 73 лица им е определена казна. Дисциплинска мерка има определено на 10

деца, мерка на засилен надзор на 57, и на 6 лица е одредена заводска мерка. За кривични дела против имотот, повторно имаме најмногу деца кои ги извршиле тие кривични дела и кои според овие податоци се осудени. За тие кривични дела осудени се 188 деца, од кои само за 47 се изречени казни, за 4 од нив има предвидено дисциплинска мерки, за 39 мерки на засилен надзор и заводски мерки се определени за 4 деца.

Табела 4: Осудени деца во судир со законот според кривичното дело и изречените кривични санкции

Т4-2018 година: Осудени деца во судир со законот според кривичното дело и изречените кривични санкции

T4-2018: Convicted children in conflict with the law by type of criminal offence and penalties

	Деца на возраст од 16 до 18 години во судир со законот Children in conflict with the law aged 16 to 18 years												
	затвор за деца во судир со законот imprisonment of children in conflict with the law								воспитни мерки educational measures				
	вкупнototal	сèall	до 10 годиниupto10years	годинитfrom8upto10years	годинитfrom5upto8years	од 3 до 5 годинитfrom3upto5years	од 2 до 3 годинитfrom2upto3years	до 2 годинитupto2years	сèall	меркидisciplinarymeasures	supervision	меркиinstitutionalmeasures	
Вкупно	**257**	**3**	**-**	**-**	**1**	**-**	**1**	**1**	**254**	**36**	**208**	**10**	**Total**
Кривични дела против животот и телото	**33**	-	-	-	-	-	-	-	**33**	**6**	26	1	Crimes against life and body
Кривични дела	**2**	-	-	-	-	-	-	-	**2**	-	2	-	Crimes against

против слободите и правата на човекот и граѓанинот													the freedoms and rights of humans and citizens
Кривични дела против половата слобода и половиот морал	**2**	-	-	-	-	-	-	-	**2**	-	2	-	Crimes against sexual freedom and sexual morality
Кривични дела против здравјето на луѓето	**10**	-	-	-	-	-	-	-	**10**	-	9	1	Crimes against human health
Кривични дела против животната средина и природата	**1**	-	-	-	-	-	-	-	**1**	-	1	-	Crimes against the environment and nature
Кривични дела против имотот	**141**	**3**	-	-	**1**	-	**1**	**1**	**138**	**21**	109	8	Crimes against property
Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството	**2**	-	-	-	-	-	-	-	**2**	-	2	-	Crimes against public finances, payment operations and economy
Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот	**2**	-	-	-	-	-	-	-	**2**	-	2	-	Crimes against the general safety of people and property
Кривични дела	**17**	-	-	-	-	-	-	-	**17**	**8**	9	-	Crimes against

против безбедноста на јавниот Сообраќај													traffic safety
Кривични дела против правниот сообраќај	**1**	-	-	-	-	-	-	-	**1**	-	1	-	Crimes against legal transactions
Кривични дела против јавниот ред	**46**	-	-	-	-	-	-	-	**46**	**1**	45	-	Crimes against the public order

Во Табела 4 се дадени податоци за осудени деца во судир со законот за кривично дело и изречени кривични санкции за деца од 16 до 18 години, во која има вкупно 257 деца кои се осудени, од кои 3 се осудени на затвор за деца, а на 254 им се определени воспитни мерки. Во делот на мерката затвор, за сите три деца е определено различно време и тоа: од 5 до 8 години, од 2 до 3 години, до 2 години. Во делот на воспитните мерки, за 36 деца се определени дисциплински мерки, за 208 надзор и за 10 заводски мерки. Исто како и од податоците во претходните табели и од оваа табела се гледа дека најмногу осудени лица има за кривични дела против имотот, кои се вкупно 141 од 257 осудени лица. За тројца од нив е определен затвор, согласно гореизнесените податоци за делот на затворот. На 138 лица им се изречени воспитни мерки, од кои 21 се дисциплински мерки, за 109 деца е определен надзор и за 8 заводска мерка.

Последната година во статистичките податоци кои ги обработуваме, секако достапни на Државниот завод за статистика, се податоците за 2019 година, кои ги имаат објавено во 2020 година, според кои бројот на пријавените полнолетни лица во 2019 година, во споредба со 2018 година, е зголемен за 5.6 %. Во 2019 година, во споредба со 2018 година, бројот на осудените полнолетни лица е намален за 19.8 %, а бројот на обвинетите лица е, исто така, намален за 21.4 %. Исто има намалување и во бројот на пријавените деца, од 2019 година до 2018 година е намален за 5.2 %. Последна е прикажана и споредбата на 2019 со 2018 година во делот на осудените деца, кој број е намален за 7.9 %. Податоците за тековната 2020 година ќе може да ги очекуваме наредната година.

Табела 5: Пријавени деца во судир со законот според групите на кривичните дела и видот на одлуката

Т5-2019 година: Пријавени деца во судир со законот според групите на кривичните дела и видот на одлуката					
T5-2019: Reported children in conflict with the law by type of criminal offence and type of decision					
	Вкупно Total	Поднесен предлог за изрекување казна/мерка Penalties prescribed	Постапката не е поведена No action taken	Подготвителната постапка е запрена Committal proceedings terminated	
Вкупно	525	358	123	44	Total
Кривични дела против животот и телото	49	38	4	7	Crimes against life and body
Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот	6	3	1	2	Crimes against the freedoms and rights of humans and citizens
Кривични дела против честа и угледот	1	-	1	-	Crimes against honour and reputation
Кривични дела против половата слобода и половиот морал	14	9	3	2	Crimes against sexual freedom and sexual morality
Кривични дела против бракот, семејството и младината	5	2	2	1	Crimes against marriage, family and youth
Кривични дела против	26	17	9	-	Crimes against human health

здравјето на луѓето					
Кривични дела против животната средина и природата	5	1	4	-	Crimes against the environment and nature
Кривични дела против имотот	294	210	61	23	Crimes against property
Кривични дела против културното наследство и природните реткости	1	-	-	1	Crimes against the cultural heritage and natural rarities
Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството	1	1	-	-	Crimes against public finances, payment operations and economy
Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот	5	4	1	-	Crimes against the general safety of people and property
Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај	45	26	18	1	Crimes against traffic safety
Кривични дела против правосудството	1	-	1	-	Crimes against the administration of justice
Кривични дела	1	1	-	-	Crimes against legal

против правниот сообраќај					transactions
Кривични дела против јавниот ред	71	46	18	7	Crimes against the public order

Од 525 пријавени деца во 2019 година, повторно најмногу има пријавено за дела против имотот со 294 пријави, на второ место по редослед се кривичните дела против јавниот ред со 71 пријава, следни се против животот и телото со 49. Од сите пријавени деца, за 358 е поднесен предлог за изрекување мерка, за 123 лица не е поведена постапка и за 44 деца подготвителната постапка е запрена.

Табела 6: Осудени деца во судир со законот според групите на кривичните дела и изречените кривични санкции

Т6-2019 година: Осудени деца во судир со законот според групите на кривичните дела и изречените кривични санкции						
Т6-2019: Convicted children in conflict with the law by type of criminal offence and penalties						
Вкупно Total		Деца од 14 до 16 години во судир со законот Children in conflict with the law aged 14 to 16 years				
		вкупно total	дисциплински мерки disciplinary measures	мерки на засилен надзор measures of intensified supervision	заводски мерки institutional measures	
Вкупно	**304**	**82**	**20**	**60**	**2**	**Total**
Кривични дела против животот и телото	38	16	3	12	1	Crimes against life and body
Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот	3	-	-	-	-	Crimes against the freedoms and rights of humans and citizens
Кривични дела против половата слобода и половиот морал	2	-	-	-	-	Crimes against sexual freedom and sexual morality

Кривични дела против бракот, семејството и младината	1	-	-	-	-	Crimes against marriage, family and youth
Кривични дела против здравјето на луѓето	18	2	1	1	-	Crimes against human health
Кривични дела против имотот	181	54	14	39	1	Crimes against property
Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството	1	-	-	-	-	Crimes against public finances, payment operations and economy
Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот	3	1	-	1	-	Crimes against the general safety of people and property
Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај	24	5	1	4	-	Crimes against traffic safety
Кривични дела против правниот сообраќај	1	-	-	-	-	Crimes against legal transactions
Кривични дела против јавниот ред	29	3	-	3		Crimes against the public order
Кривични дела против човечноста и меѓународното право	1	-	-	-	-	Crimes against the humanity and international law
Кривични дела од посебни закони	2	1	1	-	-	Crimes outside criminal law

Во Табела 6 се прикажани податоци за осудени деца од 14 до 16 години, па од вкупно 304 осудени, 181 се за кривични дела против имотот, 38 за кривични дела против животот и телото и 29 за кривични дела против јавниот ред.

Табела 7: Осудени деца во судир со законот според кривичното дело и изречените кривични санкции

Т7-2019 година: Осудени деца во судир со законот според кривичното дело и изречените кривични санкции
T7-2019: Convicted children in conflict with the law by type of criminal offence and penalties

	Деца од 16 до 18 години во судир со законот Children in conflict with the law aged 16 to 18 years												
	затвор за деца во судир со законот imprisonment of children in conflict with the law								воспитни мерки educational measures				
	вкупнототал	сèall	до 10 години upto 10 years	од 8 до 10 години from 8 upto 10 years	од 5 до 8 години from 5 upto 8 years	од 3 до 5 години from 3 upto 5 years	од 2 до 3 години from 2 upto 3 years	до 2 години upto 2 years	сèall	мерки disciplinary measures	мерки на засилен надзор measures of intensified supervision	мерки институционални measures institutional	
Вкупно	**218**	**2**	-	-	-	-	-	**2**	**216**	**30**	**185**	**1**	**Total**
Кривични дела против животот и телото	22	-	-	-	-	-	-	-	22	3	19	-	Crimes against life and body
Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот	3	-	-	-	-	-	-	-	3	-	3	-	Crimes against the freedoms and rights of humans and citizens
Кривични дела против половата слобода и половиот морал	2	-	-	-	-	-	-	-	2	-	2	-	Crimes against sexual freedom and sexual morality
Кривични дела против бракот, семејството и младината	1	-	-	-	-	-	-	-	1	-	1	-	Crimes against marriage, family and youth
Кривични дела против	16	-	-	-	-	-	-	-	16	3	13	-	Crimes against human health

здравјето на луѓето													
Кривични дела против имотот	124	-	-	-	-	-	-	1	123	16	107	-	Crimes against property
Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството	1	-	-	-	-	-	-	-	1	-	1	-	Crimes against public finances, payment operations and economy
Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот	2	-	-	-	-	-	-	-	2	-	2	-	Crimes against the general safety of people and property
Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај	19	1	-	-	-	-	-	1	18	5	13	-	Crimes against traffic safety
Кривични дела против правниот сообраќај	1	-	-	-	-	-	-	-	1	1	-	-	Crimes against legal transactions
Кривични дела против јавниот ред	25	-	-	-	-	-	-	-	25	2	22	1	Crimes against the public order
Кривични дела против човечноста и меѓународното право	1	-	-	-	-	-	-	-	1	-	1	-	Crimes against the humanity and international law
Кривични дела од посебни закони	1	-	-	-	-	-	-	-	1	-	1	-	Crimes outside criminal law

Во табела 7 се дадени податоци за децата од 16 до 18 години кои се осудени во 2019 година, при што од вкупно 218 пресуди, изречени се 2 затворски казни за деца за кривични дела против имотот, а 216 се воспитни мерки, од кои 30 се дисциплински мерки, 185 се мерки на засилен назор и 1 изречена заводска мерка.

Табела 8: Пријавени и осудени деца во 2018 и 2019 година

T8:Пријавени и Осудени деца						
	2018 година			2019 година		
	Пријавени деца	од 14 до 16	од 16 до 18	Пријавени деца	од 14 до 16	од 16 до 18

		години	години		години	години
Кривични дела против имотот	359	188	141	294	181	124
Кривични дела против јавниот ред	59	53	46	71	29	25
Кривични дела против животот и телото	60	44	33	49	38	22

Во оваа табела ги претставив само ставките за кривичните дела за кои има најголеми бројки, и согласно податоците, може да забележиме дека од 2018 до 2019 години во делот на пријавени и осудени деца за кривичните дела против имотот бележиме благ пад, исто како и во сите ставки кај кривичните дела против животот и телото, додека кај кривичните дела против јавниот ред, во делот на пријавени деца имаме зголемување од 59 во 2018 година, на 71 дете во 2019 година.

ЗАКЛУЧОК

Детското престаништво претставува универзален проблем во сите општества. Присутен во разни средини, овој поим денес подразбира широк спектар на однесувања на децата кои се антисоцијални и неприфатиливи, па пречекорувајќи ги границите на непослушност, на некој начин лекомислено влегуваат во кршење на пропишаните правни норми и извршување на недозволени дејствија, кога веќе зборуваме за детско престапништво.

Поради специфичните карактеристики на децата, овој вид на криминал бара сериозно внимание. Овој проблем е истражуван и објаснуван во истакнати научни дела како во земјава, така и во странство.

Предмет и цел на овој магистерски труд е семејството и образованието, како два фактори кои се причина за појава на детското престапништво. Разработени се и статистички податоци кај криминалот на малолетниците во нашата држава со цел да се види проширената слика на тој дел од криминалот во Република Северна Македонија.

Сметам, согласно целата домашна и странска литература, која беше користена при пишување на овој труд, дека се потврдува главната хипотеза и потхипотезите А и Б, односно семејството и образованието можат да се сметаат за ризик фактори за појава на детско престапништво. Покрај овие фактори, би рекол дека има уште многу други, кои пак, директно или индиректно заедно со другите влијаат за појава на престапништво кај децата.

Денес во однос на семејството имаме многу промени, начинот на кој комуницираат членовите во семејството, каков е односот на родителите спрема децата, променетите економски односи, индивидуализмот, новата положба на децата во семејството, дали родителите повеќе се отустни од домот, дали детето е подолго време без родителска грижа, дали на тоа дете му се пружа внимание и топлина, начинот на кој се разговара со детето, дали родителите го тепаат/караат за сторено лошо дело, дали има пофалби за сторено добро дело и многу други работи кои секојдневно се битни доколку се позитивни.

Сметам дека во овој дел многу ќе биде од корист доколку детето расте во нормално семејство на двајца родители кои се образовани, барем едниот или и двајцата, и се вработени на работни позиции согласно своето образование. По враќање на детето од градинка или училиште му даваат прегратки, пофалби, го прашуваат како му поминал денот, му даваат совети за одредени прашања како да постапи, му помагаат во делот на учење лекции на училиште.

Во семејството секогаш треба да има пријателски однос, да се разговара за сите проблеми кои ќе настанат. Потребно е мајката и таткото на детето, покрај тоа што му се родители, да му бидат и пријатели и да го сослушаат секогаш кога има потреба. Сметам дека така родителите ќе му бидат поддршка на детето и кај него нема да се створи гнев и револт и да се чувствува отфрлено, несфатено, но доколку родителите не му посветуваат доволно време, ако се преоптоварени со работа, самото дете може да фати погрешен пат, немајќи кој да го советува.

Многу е важно каков ќе биде односот во семејството, односно во семејствата каде родителите им посветуваат време на децата и им даваат пофалби на своите деца, мала е веројатноста тие да бидат вклучени во некои недозволени активности. Тој недостаток на време, трка по пари, по моќ, може да направи многу семејства да се разединат, иако навидум почнале многу добро да функционираат. Децата кои живеат во тие нехармонични семејства, кога не добиваат пофалба за постигнатиот успех во училиште, се чувствуваат отфрлено, како да не припаѓаат со другите членови во семејството. Притоа почнуваат да се дружат со врсници кои на некој начин се наоѓаат во иста ситуација, делат иста судбина, се поистоветуваат со нив и влегуваат во криминални дејствија, за кои потоа се карани, тепани од родителите, но и соодветно казнети од правосудните органи во државата.

Во делот на семејството како фактор за појава на престапништво, влијаат многу други потфактори, како одбивање на родителите, следење и назор, стресот на родителството, семејната структура, квалитетот во самата врска родител - дете и многу други.

Децата кои имаат соодветен надзор од страна на родителите, имаат помала веројатност да се занимаваат со криминални активности. Нефункционалните семејни опции - карактеризирани со конфликт, несоодветна родителска контрола, слаби внатрешни врски и интеграција и предвремена автономија, се тесно поврзани со

малолетничката деликвенција. Децата во загрозени семејства, кои имаат малку можности за легитимно вработување и се соочуваат со поголем ризик од социјално исклучување, се позастапени меѓу прекршителите. Земјите во транзиција се соочуваат со посебни предизвици во овој поглед, а придружната несигурност и превирања придонесуваат за зголемување на бројот на деца и малолетници запоставени од нивните родители и страдања, злоупотреба и насилство дома.

Семејството како социјална институција во моментов претрпува суштински промени. Неговата форма се диверзифицира, на пример, со зголемувањето на семејствата со еден родител и вонбрачните семејства, па отсуството на татковци во многу семејства со ниски примања може да ги наведе момчињата да бараат модели на мажественост кај деликвентни групи врсници. Припадниците на овие групи претставуваат замена за семејството, ги дефинираат машките улоги и придонесуваат за стекнување на атрибути, како суровост, сила, возбудливост и вознемиреност.

Важноста на семејната благосостојба сè повеќе се препознава, следствено на тоа успехот во училиште во голема мера зависи од тоа дали родителите имаат капацитет да им обезбедат на своите деца „почетни“ можности, односно ресурси за да купат книги и прирачници и да плаќаат за студии, па адолесцентите од семејствата со ниски примања често се чувствуваат исклучени. За да се подигне нивната самодоверба и да се подобри нивниот статус, тие можат да изберат да се приклучат на група малолетни деликвенти. Овие групи обезбедуваат еднакви можности на секого, разликувајќи се од училиштето и семејството, каде што позициите на авторитет ги заземаат возрасните. Кога младите се изложени на влијание на возрасни престапници, тие имаат можност да научат деликвентно однесување, а можноста за нивно вмешување во злосторство за возрасни станува пореална.

Следен ризик фактор кој е разработен е училиштето, каде што после семејството самото дете се развива, ги осознава сите нешта и учи за многу работи, има другари и другарки, се стекнува со социјални и морални вредности. Дали детето ќе учи од мало или не, дали ќе се вклопи со врниците во училиштето, дали ќе има поддршка од нив, каков успех ќе го постигнува, се само дел од прашањата што се поставуваат. И на овој ризик фактор влијание имаат и други фактори, како влијанието на ниво на училница, самата училишна клима, влијанијата на заедницата, на врсниците и други.

Потребно е да се внимава каков ќе биде односот на наставникот спрема ученикот, да се обезбеди убава работна атмосфера, во која самите ученици ќе добиваат пофалби за добро и успешно сработената задача, кога наставниците ќе им бидат поттик и мотивација да се надоградуваат и да се натпреваруваат помеѓу сокласниците во делот на образованието.

Сметам дека добрите политики на училиштата, заедно со домашното воспитување, ќе придонесат детето да се изгради во прекрасна личност, која ги почитува моралните вредности, која нема да застрани од патот и да навлезе во криминални дејности.

Проучувајќи го криминалитетот кај децата, ќе добиеме можност за негово успешно превенирање и сузбивање. За да се намали или сузбие детското престапништво, потребно е да бидат ангажирани многу страни, како државни органи, семејствата, училишта, установи, јавноста и други.

Предлагам донесување на програми за обуки на семејствата кај кои постои проблем, односно кои веќе имаат проблем со нивното дете, а сето тоа да биде изведено преку Центрите за социјална работа. Во делот на училиштата, исто така треба да се спроведат програми за обука на наставниот кадар и стручната служба како да се справат со деца кои додека се на училиште, ќе извршат некој прекршок.

Во секој случај, потребно е да им се помогне на родителите кои имаат дете кое е престапник, во делот на поддршка, разговор, воочување на симптомите на деликвентно однесување, совладување на сите потешкотии во делот на родителството и слично.

Во училиштата, кои се воспитно-образовни институции, потребно е уште со запишување на детето во прво одделение, кога од страна на стручната служба се прават најразлични психолошки тестови, да се согледа и дијагностицира доколку постои некој проблем, но и подоцна низ текот на годините на учење, наставниците, заедно со педагозите и психолозите, да ги научат децата на нивните грешки, да пробаат да ги вразумат, да ги вклучат во најразлични активности и манифестации покрај наставниот процес, сè со цел да им помогнат на децата во нивната социјализација. Преку најразлични прорграми и обуки може да се влијае на кадарот во училиштата, кои преку наставните програми, со комуникациски способности и преговарање, ќе пробаат да влијаат за намалување на деликвенцијата кај децата.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Abadinski, H. (2013). Drug use and Abuse: A comprehensive introduction, cengage learning
2. Андреевски. Ф., и Михајлоска. С. (2006). Културата во семејството. Ф-М-Б-Скопје
3. Baumrind, D. (1967). Child care practices anteceding three patterns of preschool behavior.Genetic Psychology Monographs
4. Bean, R.A., Barber, B.K., & Crane, D.R. (2006). Parental support, behavioral control, and psychological control among African American youth. Journal of Family Issues
5. Bijleveld, C.J.H., & Wijkman, M. (2009). Intergenerational continuity in convictions: A fivegeneration study. Criminal Behaviour and Mental Health
6. Bonnie A. Nelson (2016). Juvenile delinquency - causes, control and consequences. Nova science publishers
7. Вејновић. Д. (2008). Социолошки аспекти малољетничке делинквенције, Малолетничка деликвенција облик друштвено неприхватљивог понашања младих. Бања Лука
8. Галев, Г., Дабовиќ-Анастасовска, Ј. (2009). Облигационо право,Центар за европско применето право и економија,Скопје
9. Годишен извештај за работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво и за состојбите во областа на павата на детето и детското престапништво во 2017 година
10. Gottfredson, D.C. (1997). School-based crime prevention. Pp. 5-1 to 5-74 in L.W. Sherman, D.C. Gottfredson, D. MacKenzie, J. Eck, P. Reuter, and S. Bushway, eds., Preventing Crime: What Works, What Doesn't, What's Promising: A Report to the United States Congress. Washington, DC: U.S. Department of Justice
11. Deater-Deckard, K. (2004). Parenting Stress. New Haven, CT: Yale University Press

12. Димовска. А., (2016), Децата и младите во ризик во Република Македонија – рамноправни членови на социјалната држава или категорија за креирање фиктивни политики?, Здружение ХОПС – Опции за здрав живот Скопје
13. Donald J. Shoemaker (2008). Juvenile delinquency. Rowman & littlefield publishers
14. Закон за заштита на децата, Службен весник на РСМ, бр. 23/13
15. Закон за малолетничка правда, Сл.весник на РСМ бр.7/2007
16. Закон за облигациони односи, Сл весник на РСМ бр. 18/2001
17. Закон за правда на децата, Сл.весник на РСМ бр.148/2013
18. Закон за семејство, Сл. Весник на РСМ бр.153/2014
19. Закон за социјална заштита, Службен весник на РСМ, бр.148/13
20. Камбвски, В., Велкова, Т. (2008). Малолетничка правда-документи на Обединетите нации – Закон за малолетничка правда со коментари, 2-ри август С. Штип
21. Keijsers, L., Branje, S., Hawk, S., Schwartz, S.J., Frijns, T., Koot, H., van Lier, P., & Meeus, W. (2012). Forbidden friends as forbidden fruit: Parental supervision of friendships, contact with deviant peers, and adolescent delinquency. Child Development
22. Киткањ, З., Малолетниците како субјекти на престапничкото однесување и нивна кривично правна одговорносг во македонија, во европа и во светот, Годишен Зборник на Филозовски факултет.Скопје, УДК: 340.915(100+497.7)
23. Кривичен законик Сл. Весник на РСМ бр. 19/2004
24. Конвенција за правата на детето. (1989)
25. Conger, R.D., Patterson, G.R., & Ge, X. (1995). It takes two to replicate: A mediational model for the impact of parents' stress on adolescent adjustment. Child Development
26. Лажетиќ-Бужаровска, Г., Нанев, Л., Кошевалиска, О. (2015). Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот, Скопје
27. Љубичиќ, С., Малолетнички криминалитет. Култура полиса.УДК:316.62:316.624
28. Мапирање на институциите и организациите на граѓанското општество кои им пружаат услуги на деца жртви на насилство и злоупотреба, Октомври 2014
29. Marvin D. Krohn and Jodi Lane . (2015), The Handbook of Juvenile - Delinquency and Juvenile Justice. John Wiley and Sons
30. Марјановиќ, Г. (1998). Македонско казнено право, општ дел, Просветно дело

31. Младите, Бракот и Семејството - Прирачник за предбрачно советувалиште. (Јануари 2014) Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје. Скопје
32. Мицковиќ. Д. (2008). Семејството во Европа XVI-XXI век. Културна установа „Блесок“, Скопје
33. Мицковиќ.Д., Ристов.А. (2015). Семејно право, Стоби трејд, Скопје
34. McCord, J. (1991). Family relationships, juvenile delinquency, and adult crime. Criminology
35. Мурџева-Шкариќ. О. (2009). Психологија на детството и на адолесценцијата, Развојна психологија, Филозофски факултет, Скопје
36. Николиќ, З., (2008). Обележја криминалитета малолетника у србији.тематски научни скуп. Висока школа унутрашњних послова, Бања Лука
37. Посебен извештај за состојбата и условите за остварување на правата на децата без родители и родителска грижа сместени во Јавните установи за грижа во Република Македонија, 2017
38. Сејдија, В. (2019). Ризик-фактори за повторништво кај децата во судир со законот, Филозофски факултет, Институт за социјална работа и социјална политика, УКИМ, Скопје, стр.15, магистерски труд
39. www.stat.gov.mk
40. Уставот на Р.С.Македонија Сл.весник на РСМ, бр.52/1991
41. Fagan, A.A., Van Horn, M.J., Antaramian, S., & Hawkins, J.D. (2011). How do families matter? Age and gender differences in family influences on delinquency and drug use. Youth Violence and Juvenile Justice
42. Farrington, D.P., Coid, J.W., & Murray, J. (2009). Family factors in the intergenerational transmission of offending. Criminal Behaviour and Mental Health
43. http://www.childrensembassy.org.mk/WBStorage/Files/konvencija%20celosna.pdf
44. James Q. Wilson and Glenn C. Loury (1897). From Children to Citizens-Volume III-Families, Schools, and Delinquency Prevention. Springer-Verlag. New York
45. Joan McCord, Cathy Spatz Widom, Melissa I. Bamba, and Nancy A. Crowell (2000). Education and delinquency-Summary of a workshop.National research council.
46. World YOUTH Report 2003 - The global situation of young people (2004). United Nations publication

КОНСУЛТИРАНА ЛИТЕРАТУРА

1. https://akademik.mk/godishniot-izveshtaj-za-preventsijata-na-detsko-prestapnishtvo-na-komisiska-rasprava/
2. Bendit,R.,Erler,W., Nieborg.,S., Schafer, H. (2000). Child and Juvenile Delinquency-Strategies of Prevention and Intervention in Germany and Netherlands, German Federal Ministery for Family, Seniors,Women and Youth and the Dutch Ministery of Health Wlfare and Sport
3. Гајдасис-Кнежевиќ,С., Пачоска,Н., Савевска,М., Спасовска-Трајановска,А., Алексовска,Н., Велковска,С., и Илиевска, Д. (2003). Семејството младите и дрогата, Прирачник за млади и родители
4. Дамовска, Л., Шеху, Ф.,Јанева,Н., Плачевска,С., и Самарџиска Панова, Љ., Ран детски развој - Стандарди за рано учење и развој кај деца од 0 до 6 години, Министерство за труд и социјална политика
5. Закон за ратификација на европската конвенција за остварување на правата на децата Сл. Весник на Р.Македонија, бр.12/2002
6. Камбовски, В., Велкова, Т. (2008). Малолетничка правда – Документи на Обединетите Нации - Закон за Малолетничка правда со коментари, 2-ри Август С,Штип
7. Компаративен преглед на законодавството во република македонија и конвенцијата за правата на детето - извадок од препораките , Министерство за правда на Република Македонија, Скопје, мај 2010
8. Лажетиќ-Бужаровска, Г., и Димитријоска, С. (2015). Ризик-факторите за повторништвото кај децата заради подобра превенција на детското престапништво, Државен совет за превенција на детско престапништво,УДК: 343.91-053.6“406“:343.85(497.7)

9. Лажетиќ-Бужаровска, Г., Нанев, Л., Кошевалиска, О. (2012). Меѓународни документи за спроведување на малолетничката правда - Современи тенденции вопостапувањето со малолетниците, СППМД-Кавадарци
10. https://mojpravensovetnik.mk/2020/08/26/%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B5%D0%BA%D1%82%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%B2%D0%B5%D0%BD%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%D0%BD%D0%B0%D0%B4%D0%B5%D1%8%D1%81%D0%BA%D0%BE%D0%BF%D1%80%D0%B5%D1%82%D1%81%D1%82%D0%B0-2/
11. Оценка на постигнувањата во реформите во сферата на малолетничката правда, Регионална канцеларија на УНИЦЕФ за Централна и Источна Европа / Заедница на независни држави , Октомври 2010
12. Стефановска, В., Гогов, Б. (2015). Улогата на заедницата и на полицијата во превенција на криминалитетот: Состојби во градот скопје (извештај од истражувањето), Факултет за безбедност – Скопје
13. World YOUTH Report - and the 2030 agenda for sustainable development (2018). United Nations publication